**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

За потребите на економските оператори и за подобра примена за транзитната постапка, Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# Прирачник за транзит П-1

(1) Транзитна постапка претставува царинска постапка со која царинскиот орган одобрува движење на стока од едно до друго место во рамките на царинското подрачје на Република Македонија.

(2) Во транзитна постапка може да се стави:

а) странска стока која со ставањето во оваа постапка не подлежи на плаќање на увозни и други давачки или на мерки на трговската политика за пуштање во слободен промет, или

б) домашна стока за која е спроведена извозна постапка, само во случаите кога е тоа изречно пропишано во Уредбата за спроведување на Царинскиот Закон (У) и тоа:

- извоз на домашна акцизна стока,
- извоз на домашна стока со ТИР Карнет.

(3) Движењето на стоката се врши со царинска декларација во следните форми:

- ЕЦД (со ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница),
- ЦИМ (за железнички транспорт на стока),
- ТИР карнет,
- АТА карнет,
- Поштенски документ (на пример, CN37 - Список за размена) со налепница дадена во прилог 43 од Уредбата,
- Манифестот за стока за воздушен сообраќај (AWB),
- Предавен лист ТП (документ за комбиниран железнички и патен сообраќај за стока во контејнери),
- Образец 302 (за транспорт на воен материјал).

(4) Транзитната постапка се заснова на обврската на носителот на транзитната постапка - главниот обврзник да ја заврши транзитната операција. Одговорноста на главниот обврзник вклучува и обезбедување на гаранција со која ќе се покрие евентуалниот царински долг и другите давачки кои може да настанат во врска со стоката, како и ставање на стоката во непроменета состојба кај одредишниот царински орган во пропишаниот рок.

# П-1-1 Општи одредби

(1) Предмет на овој Прирачник е движењето на стоката меѓу било кои две места на царинското подрачје на Република Македонија согласно со транзитната постапка пропишана со ЦЗ и посебните меѓународни конвенции применувани во Република Македонија.

*ЦЗ чл. 105*

(2) Транзитна постапка се врши:
- согласно со постапката на ЕЦД (со ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница) пропишана со ЦЗ и Уредбата ,
- согласно со постапката на ТИР карнет пропишана со ТИР конвенцијата;
- согласно со постапката со АТА карнет, кога се употребува како транзитен документ, пропишана со Конвенцијата за привремен увоз (Истанбулска конвенција);
- согласно со постапката со образец 302 (НАТО), односно со НАТО/КФОР Сертификат;
- по пошта, согласно со постапка за поштенски документи (на пр. CN 37) со налепница дадена во прилог 43 од Уредбата, кога се употребуваат како транзитни документи;
- со поедноставена постапка согласно видот на превозот: (*У чл.276 -304*)
  - железнички, согласно постапката со ЦИМ или со предавен лист ТР кога се употребува како транзитен документ (декларација) – види упатство **Е-3**, (*У чл.305*)
  - воздушен, согласно постапката на манифест за стока составен од AWB кога се употребува како транзитен документ (декларација),
  - водови (цевоводи или електрични водови). (*У чл.306*)

(3) Во овој Прирачник подетално се определени поимите и активностите во врска со транзитната постапка кај појдовниот царински орган, одредишниот царински орган и постапките во текот на превозот.

*У чл. 219*

(4) <u>Поими кои често се користат во овој прирачник го имаат следново значење:</u>
- „**појдовен царински орган**” е царински орган каде се прифаќаат декларациите за ставање на стоката во постапка на транзит и започнатата транзитна постапка се раздолжува;
- „**одредишен царински орган**” е царински орган каде што стоката ставена во постапка на транзит кај појдовниот царински орган треба да се стави на увид за да се заврши транзитната постапка;
- „**започнување прекршочна постапка**“ е подготовка на документите потребни за покренување постапка за утврдување на повреда или неизвршување на царински пропис (записник за извршена контрола на стоката и утврдени неправилности, информации/изјава од

превозникот, информации од други државни органи и други документи) кои се предаваат на Одделението за истраги при Централната управа на Царинската управа.

- **„главен обврзник“** е носителот на транзитната постапка кој е одговорен за ставање на стоката на увид во непроменета состојба кај одредишниот царински орган во пропишаниот рок со почитување на мерките определени од страна на царинскиот орган за обезбедување на нејзина идентификација и почитување на одредбите за транзитната постапка.

(5) Појдовен или одредишен царински орган може да биде која било гранична или внатрешна царинска испостава.

(6) Царинскиот орган применува мерки на трговска политика и забрани или ограничувања.

## П-1-2 Постапка кај појдовниот царински орган

*ЦЗ чл.74(3), 09(1)*

(1) Транзитната постапка започнува со ставање на стоката на увид и поднесување на транзитна декларација од страна на главниот обврзник (декларант) или од страна на директен застапник (кој презема дејствија во име и за сметка на главниот обврзник) кај појдовниот царински орган, во писмена форма. Главниот обврзник (декларант) во транзитната постапка не мора да биде регистриран во Република Македонија.

*ЦЗ чл. 47(2),50*

(2) Стоката која се внесува во царинското подрачје по правило се смета за странска стока и таа по ставањето на увид кај граничниот царински орган по правило се става во транзитна постапка - појдовен царински орган.

(3) Пред да започне движење на стока од внатрешна царинска испостава (појдовен царински орган) мора е да се утврди каков е царинскиот статус на стоката со цел да се утврди дали за неа треба да започне транзитна постапка. Транзитна постапка во внатрешна царинска испостава започнува во следните случаи:

- кога се пренапатува преостанатата стока која не е увозно царинета до други одредишни царински органи (внатрешни или гранични царински испостави);
- по постапка на повторен извоз (на пример: во случај на завршување на постапка на увоз за облагородување со системот на одложено плаќање или завршување на постапка на складирање);
- по постапка на извоз, само во случаите кога тоа е пропишано во Уредбата (извоз на домашна акцизна стока, извоз на домашна стока со ТИР Карнет).

Во други случаи, по завршена постапка на извоз на домашна стока по правило не започнува транзитна постапка.

*У чл.230* (4) Транзитната декларација може да опфаќа само стока натоварена на едно транспортно средство, при што како едно транспортно средство се смета:

- патно возило со својата приколка/приколки или полу-приколка/полуприколки;
- композиција на поврзани железнички патнички или товарни вагони;
- контејнери натоварени на едно транспортно средство.

*У чл.230 (2)* (5) За транзитна постапка која започнува кај гранична царинска испостава се поднесува:

- една транзитна декларација до првиот одредишен царински орган, која ја вклучува стоката за сите дестинации (првата транзитна декларација за сета стока се поднесува кај првиот одредишен орган, втората транзитна декларација со остатокот од стоката се поднесува кај вториот одредишен орган итн.), или
- транзитна декларација за секоја дестинација посебно (првата транзитна декларација кај првиот одредишен орган, втората транзитна декларација кај вториот одредишен орган итн.).

*У чл.230 (2)* (6) За транзитна постапка за странска стока на едно превозно средство која започнува кај внатрешна царинска испостава (појдовен царински орган), може да се поднесе една или повеќе транзитни декларации за една или повеќе внатрешни одредишни царински испостави.

(6) Во случаите на повторен извоз на странска стока и извоз на домашна стока за која е пропишана примена на транзитна постапка за изнесување од царинското подрачје може да се поднесе една или повеќе декларации за извозна и транзитна постапка за стоката на едно превозно средство.

*Пример 1:*

*Кога од внатрешна царинска испостава (А) започнува повторен извоз на странска стока (по завршување на постапката за увоз за облагородување или по завршување на постапката за царинско складирање) до излезна царинска испостава (В), за стоката треба да се изготви транзитна декларација;*

*Пример 2:*

*Започнува повторен извоз на странска стока до излезна царинска испостава (В) од внатрешна царинска испостава (А), а домашна стока наменета за извоз со ТИР Карнет (или со ЕЦД) од друга внатрешна царинска испостава (Б) треба да се натовари во истото превозно средство (на кое е натоварена стоката од царинската испостава (А). Постојат две можности со кои превозникот/главниот обврзник може да ја спроведе транзитната постапка.*

*а) Превозникот/главниот обврзник започнува транзитна постапка со ЕЦД (повторниот извоз на странска стока мора да се изврши во транзитна постапка) од царинска испостава (А) до царинска испостава (Б) каде што завршува транзитната постапка. Превозникот/главниот*

*обврзник започнува нова транзитна постапка со ТИР карнет (или со ЕЦД) од царинска испостава (Б) до излезна царинска испостава (В) каде што се декларира стоката превезувана од царинската испостава (А) и стоката утоварена во царинската испостава (Б). Одредишната царинска испостава ја завршува транзитната постапка за стоката од внатрешната царинска испостава (А) и за стоката од внатрешната царинска испостава (Б) која што се става на увид со една транзитна декларација – ТИР карнет (или со ЕЦД).*

*б) Превозникот/главниот обврзник започнува транзитна постапка со ЕЦД (повторниот извоз на странска стока мора да се изврши во транзитна постапка) од царинска испостава (А) до царинска испостава (В) каде што завршува транзитната постапка. Превозникот/главниот обврзник ја утоварува стоката од внатрешната царинска испостава (Б) на истото превозно средство на кое е утоварена стоката од внатрешната царинска испостава (А). Превозникот/главниот обврзник започнува нова транзитна постапка со ТИР карнет (или со ЕЦД) во која само стоката од внатрешната царинска испостава (Б) се декларира кај излезната царинска испостава (В). Излезната царинска испостава (истовремено и одредишна царинска испостава) завршува две транзитни постапки за стоката од внатрешната царинска испостава (А) и од внатрешната царинска испостава (Б) ставена на увид со две декларации – ЕЦД и ТИР карнет (или со ЕЦД).*

(7) Доколку за стоката натоварена на едно превозно средство се поднесуваат повеќе транзитни декларации се поднесува и Спецификација на сите поднесени царински декларации за предметното превозно средство. Примерок на образецот на оваа спецификација е даден во **прилог 1 од овој Прирачник**, заедно со објаснувањето за пополнување на спецификацијата.

*У чл. 126*

(8) Кон транзитната декларација се приложува транспортен документ (договор за транспорт – CMR, CIM, итн.) кој се става на увид на барање на појдовниот царински орган. Во случај кога стоката се извезува или повторно извезува од царинското подрачје на Република Македонија во транзитна постапка, царинскиот документ за извоз или повторен извоз на стоката или кој било документ со еднаква важност се става на увид на појдовниот царински орган со транзитната декларација на којашто се однесува. Појдовниот царински орган може, по потреба, да побара поднесување на документ(и) за претходната царинска постапка, особено заради пресметка или проценка на гаранцијата дадена од главниот обврзник (Член 107, став 1 од ЦЗ и член 224 од Уредбата ).

# П-1-2-1 Транзитна декларација во форма на ЕЦД

(1) Транзитната декларација со која што се декларира само еден вид стока (еден тарифен број) се поднесува во форма на транзитно ЕЦД и се состои од листовите со **број 1, 4 и 5**. Во случај кога се декларираат повеќе видови стока, транзитната декларација се состои од ЕЦД и ЕЦД-БИС, или ЕЦД и товарница, или ЕЦД и посебна товарница**.** Транзитната декларација, односно сетот на образецот ЕЦД за транзит се пополнува согласно ЕЦД прирачникот.

(2) **Рубриката 33 - тарифна ознака** во транзитната декларација од сетот на образецот ЕЦД за транзит **задолжително се пополнува** во следните случаи:

- транзитната декларација опфаќа стока со поголем ризик од измами наведена во Прилог 28 на Уредбата;
- транзитната декларација следува после извозна царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката (заедничка извозно транзитна постапка);
- декларацијата е изготвена од истото лице во истото време со царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката, кога тоа е посебно пропишано.

(3) Во останатите случаи, кои не се опфатени во претходната точка, пополнувањето на рубрика 33 (тарифна ознака) не е задолжително, но доколку истата е пополнета, царински службеник задолжително ја проверува тарифната ознака.

(4) **Рубрика 31** – Пакувањето и описот на стоката исто така се употребуваат од страна на царински службеник во појдовниот царински орган за белешката за вредноста на стоката пријавена за транзитна постапка и за белешката за пресметаниот или проценетиот износ на можниот царински долг. Царински службеник во појдовниот царински орган во првиот ред од рубрика 31 од ЕЦД (ЕЦД и ЕЦД бис) или во рубрика 31 од ЕЦД (ЕЦД и ЕЦД и товарниот лист), запишува:

- „**B-V**“ и вкупната вредност на стоката декларирана за транзитна постапка или проценетата вредност на оваа стока (доколку фактурите, договорите или извозните декларации не се на располагање) и
- „**Д-D**“ и пресметаниот или проценетиот износ на можниот царински долг за стоката декларирана за транзитна постапка (проценката мора да биде најмалку 7.000 евра во денарска противвредност (види член 256/1 од Уредбата ).

## П-1-2-2 Употреба на ЕЦД-БИС, товарница и посебна товарница

(1) Кога повеќе видови стока (наименувања) се декларираат со транзитна декларација во форма на ЕЦД, мора да се употреби ЕЦД-БИС.

*У чл. 231*

(2) За да се декларираат сите видови стока (наименувања), наместо ЕЦД-БИС, како описен дел на транзитната декларација може да се употреби товарница, чиј образец е даден во Прилог 34 од Уредбата .

*У чл. 249 и 262*

(3) Царинскиот орган може да одобри како товарница да се употреби друг комерцијален документ (пакинг листа, испратница, фактура, итн.) кој содржи доволно детален опис на стоката и ги содржи податоците од образецот даден во Прилог 34 на Уредбата . Одобрување на друг комерцијален документ е една од поедноставените постапки во транзит (употреба на посебна товарница). Употреба на посебна товарница одобрува **само Царинарница**, **која е надлежна за појдовниот царински орган**.

(4) Образецот на барањето и упатство за пополнување за употреба на посебна товарница е достапен на интернет страницата на Царинската управа (http://www.customs.gov.mk).

(5) Надлежната Царинарница која го дала одобрението за употреба на посебна товарница има обврска, во тесна соработка со појдовниот царински орган, да проверува дали имателот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, најмалку еднаш месечно.

(6) Кога се декларираат повеќе видови стока (наименувања), кон образецот на ЕЦД за транзит мора да се приложи или еден или повеќе обрасци ЕЦД-БИС, или само товарница/товарници, или само посебна товарница/товарници.

(7) Кога се употребува товарница или посебна товарница се прецртуваат рубриките 15 (Земја на поаѓање/извоз), 32 (број на наименување), 33 (тарифна ознака), 35 (бруто маса (кг), 38 (нето маса (кг), 40 (збирна декларација/претходен документ), и кога е потребно, 44 (дополнителна информација, издадени документи, уверенија и одобренија) од транзитната декларација во форма на ЕЦД. Во овој случај рубриката 31 (пакување и опис на стока) не се употребува за запишување на ознаки, броеви, број и вид на пакување или опис на стока, туку се запишува забелешка “**ВИДИ ТОВАРНИЦА**”. Повикувањето на серискиот број на секоја различна товарница или посебна товарница треба да биде запишан во рубрика 31 од ЕЦД (пакување и опис на стока), а вкупниот број на товарници се запишува во рубрика 4 од ЕЦД.

(8) Секоја товарница или посебна товарница мора да има посебен сериски број даден од главниот обврзник. Товарницата или посебната товарница е составен дел од транзитната

декларација, и го носи истиот број како и транзитната декларација при запишувањето во евиденцијата. Појдовниот царински орган го запишува бројот на транзитната декларација и датумот на товарницата или посебната товарница, и ја заверува со службен печат.

**П-1-2-3 Постапување на главниот обврзник (директен застапник)**

(1) Главниот обврзник (директен застапник) мора да ги достави до појдовниот царински орган следните документи:

- ЕЦД сет за транзит, правилно и веродостојно пополнет. Доколку се користат ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница, тие мора да се приложат во три примероци, односно за секој лист на ЕЦД (1, 4 и 5);
- Соодветен доказ за обезбедување на царинскиот долг;
- *У чл. 236* Транспортен документ приложен кон транзитната декларација. Појдовниот царински орган може да не побара приложување на овој документ во моментот на спроведување на формалностите. Меѓутоа, транпортниот документ се става на увид на барање на царинскиот орган или на друг надлежен орган во текот на самиот превоз;
- Документ во врска со претходната царинска постапка (доколку имало);
- Други документи на барање на царинскиот орган (како на пример: транспортна дозвола, дозвола и други документи поврзани со мерките на трговската политика кои важат за внесување или за изнесување на стоки, потврда за обележување при увоз на екстра лесно гориво за греење и керозин).

(2) Транзитната декларација мора да е потпишана од главниот обврзник, односно од неговиот директен застапник. Во случај на употреба на општа гаранција и поднесена Потврда за општа гаранција ТЦ-31 или Потврда за изземање од гаранција ТЦ-33, транзитната декларација во рубриката 50 на ЕЦД мора да е потпишана од овластено лице наведено на задната страна од оваа потврда (ТЦ-31 или ТЦ-33). Појдовниот царински орган мора да провери дали потписот во рубрика 50 на ЕЦД и потписот на задната страна на потврдата се исти. Во спротивно, гаранцијата не се прифаќа.

**П-1-2-4 Постапување на појдовниот царински орган**

(1) **Појдовниот царински орган мора да провери:**

- Дали поднесената транзитната декларација, односно ЕЦД сетот за транзит (листовите 1, 4 и 5) и/или ЕЦД БИС или товарница или посебна товарница, е правилно и веродостојно пополнета;

- Дали податоците во транспортните и другите придружни документи се усогласени со податоците во транзитната декларација;
- Дали податоците во документите кои се однесуваат на претходните царински постапки (доколку имало), се усогласени со податоците во транзитната декларација;
- Дали транспортните дозволи и другите потребни дозволи и документи се важечки (на пример, извозните дозволи или други слични документи поврзани со мерките на трговска политика) и дали се усогласени со податоците во транзитната декларација.

(2) **Во однос на обезбедување на царинскиот долг, појдовниот царински орган проверува:**

- Дали приложениот инструмент за обезбедување на евентуалниот царински долг (гаранција) е важечки и дали износот на гаранцијата е доволна за да го покрие евентуално настанатиот царински долгистиот, кој е пресметан и запишан во рубрика 31 на ЕЦД;
- Дали податоците за инструментот за обезбедување на царинскиот долг од рубрика 52 на ЕЦД се совпаѓаат со приложените документи за обезбедување на царинскиот долг;
- Дали инструментот за обезбедување на царинскиот долг гласи на име на главниот обврзник наведен во рубрика 50 на ЕЦД,
- Во случај на општа гаранција и поднесени „Потврда за општа гаранција ТЦ-31“ или „Потврда за иземање од гаранција ТЦ-33“, дали транзитната декларација во рубриката 50 на ЕЦД е потпишана од овластено лице наведено на задната страна од потврдата.

*У Прилог 39 и 40*

- Дали гаранцијата или Потврдата ТЦ-31 или ТЦ-33 е важечка (види рубрики 1 и 9 од ТЦ-31 или рубрики 1 и 8 од ТЦ-33).

(3) **Појдовниот царински орган ја прифаќа транзитната декларација само доколку:**

- ги содржи сите потребни и важечки податоци (да е пополнета според ЕЦД прирачникот);
- се приложени сите потребни документи (согласно царинските прописи и прописите со кои се уредуваат пропишаните мерки на трговска политика);
- стоката наведена во декларацијата е ставена на увид кај појдовниот царински орган или му е достапна;
- описот на стоката даден во транзитната декларација, рубрика 31 од ЕЦД и/или ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница е доволно детален за да овозможи потполна идентификација на стоката. Прецизниот опис на стоката е особено важен во случај кога стоката ставена во транзитна постапка не може да се пломбира од одредени причини (види член 235 од Уредбата).

*Услови кога се смета дека описот не овозможува идентификација на стоката:*

- *описот е двосмислен,*
- *дадени се воопштени трговски називи (на пример: разна стока, царинска стока, техничка стока, телевизори, текстилни производи, железарија),*
- *не се јасно наведени видот, типот, моделот на стоката, итн., (на пример: наместо блузи, се запишува свилени женски блузи; наместо тоалетна вода, се запишува тоалетна вода за мажи "ПАРИЗ"; наместо телевизор "САМСУНГ", се запишува ЛЦД телевизор "САМСУНГ ПС-42В6", 51 цм; наместо капути, се запишува детски волнени капути модел „Леонардо"; наместо завртки, се запишува поцинкувани завртки „Бош" М10 – 30 мм; наместо ПМВ Опел, се запишува ПМВ Опел Корса 1.0, 40КВ, бела боја, три врати, број на шасија ВОЛ000073В6149411 бр. мотор С10ХЕ/1906688, произведена 2005,*
- *Трговскиот назив не содржи карактеристики кои се суштински за утврдање на квалитетот и вредноста на стоката (на пример, година на производство, дали стоката е употребувана, состав, податоци за поважни технички карактеристики, итн.),*
- *Описот на стоката не овозможува нејзина класификација во однос на примената на одредени забрани и ограничувања поврзани со мерките на трговска политика*

(4) Во рубрика 31 од ЕЦД и/или ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница се запишува само еден вид на стока. Во спротивно, појдовниот царински орган не ја прифаќа таквата декларација.

*У чл.233*

(5) **Појдовниот царински орган ја прифаќа транзитната декларација**, ја запишува во евиденција и пропишува рок до кога стоката треба да се стави на увид кај одредишниот царински орган. Рокот се определува земајќи ги предвид правецот на движење, сите важечки транспортни или други законски прописи, и кога тоа е потребно, податоците доставени од главниот обврзник.

(6) Ориентациониот краен рок потребен за извршување на транзитни операции е еден ден. На барање на главниот обврзник крајниот рок може да биде подолг од еден ден.

(7) Пократки ориентациони крајни рокови наведени во **прилог 2 од овој Прирачник** се одредуваат за извршување на транзитни операции во случаите кога се работи за стоки со поголем ризик од измама од Прилог 28 на Уредбата или други поединични случаи кога царинскиот орган ќе оцени дека тоа е оправдано.

(8) Појдовниот царински орган може да го продолжи крајниот рок за извршување на транзитната операција по барање од главниот обврзник (писмено или усно), во кое тој ја објаснува причината за барањето. Доколку појдовниот царински орган го прифати барањето, одредува нов краен рок подолг од 24 часа во рубрика

Г од ЕЦД и се заверува со потпис и факсимил на царинскиот службеник (на пример, незгода со транспортното средство).

(9) Во случаите кога ќе биде определено дека е потребен преглед на стоката од големо значење се претходно преземените активности и мерки од страна на превозниците кои би овозможиле забрзан, поквалитетен и поефтин преглед. Тоа би се постигнало со уредно палетирани, подредени, сортирани и распоредени стоки во превозното средство. Од потребата за оптимално искористување на просторот во превозните средства, како и сигурноста и безбедноста во сообраќајот, а во зависност од видот на стоката која се превезува треба во претходно преземените активности и мерки, да се земе предвид пристапноста во просторот во кој се прегледуваат стоките (оставање на коридори за пристап, подготовки за делумна манипулација со стоката итн.). Непреземањето на вакви претходни активности и мерки носи ризик од зголемено време на спроведување на царинските постапки, растовар на стоката и слично при што се можни застои заради поголемо време потребно за преглед, зголемени финансиски трошоци и ангажман на човечки ресурси.

*ЦЗ чл. 79*

(10) Одговорноста за ракувањето неопходно за преглед на стоката или земање мостри или евентуалниот превоз на стоката до друго место за преглед (во случај таква мерка да биде определена од царинскиот орган заради непостоење на соодветни услови во местото на ставање на увид) е на главниот обврзник или друго лице по овластување на главниот обврзник. При тоа сите евентуално настанати трошоци се на товар на главниот обврзник.

# П-1-2-5 Пломбирање на стоката

*У чл.234*

(1) По правило, стока која се става во транзитна постапка не се пушта доколку не е пломбирана. Пломбите ги имаат карактеристиките дадени во Прилог 35 од Уредбата.

(2) Се пломбира просторот во кој што се наоѓа стоката, кога транспортните средства се погодни за пломбирање. Транспортните средства може да се прифатат како погодни за пломбирање под услов:
- пломбите да може да се стават на нив на едноставен и ефикасен начин;
- да се конструирани на начин којшто оневозможува стоката да биде отстранета или внесена без да се остават видливи траги или без видливи оштетувања на пломбите;
- да не содржат скриени простори каде што може да се скрие стоката;
- просториите наменети за товарот да се лесно пристапни за проверка од страна на царинскиот орган.

*Проверки кои се вршат пред ставање на царинската*

*пломба:*

- *дали церадата е скината,*
- *дали сајлата е правилно зашнирана и оптегната во соодветните окца,*
- *дали сајлата е скината,*
- *дали шарките на вратите се изведени така што истите неможе да бидат отворени без видливи оштетувања,*
- *дали куките на кои се врши пломбирање се прицврстени така што истите неможе да бидат отстранети без видливо оштетување (да не се прицврстени со обични штрафови),*
- *состојбата на подот и страниците.*

(3) Доколку транспортното средство не е погодно за пломбирање, се пломбира секоја колета поединечно.

(4) По ставањето на пломбата царинскиот службеник проверува дали пломбата е добро ставена.

*У чл. 249*

(5) Одобрување на пломба од посебен вид е една од поедноставените постапки во транзит. Употреба на пломба од посебен вид одобрува само Царинарницата надлежна за појдовниот царински орган. Образецот на барањето и упатството за пополнување за употреба на пломба од посебен вид е достапен на интернет страницата на Царинската управа (www.customs.gov.mk).

(6) Надлежната Царинарница, односно Царинарницата која го дала одобрението за употреба на пломба од посебен вид има обврска, во тесна соработка со појдовниот царински орган, да проверува дали иметелот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, најмалку еднаш месечно.

*У чл.235*

(7) По исклучок, во посебно оправдани случаи, појдовниот царински орган може по барање на главниот обврзник да се откаже од пломбирање имајќи ги предвид другите можни мерки за идентификација доколку стоката може веднаш и лесно да се идентификува според нејзиниот опис даден во транзитната декларација или во придружните документи.

(8) Се смета дека со описот на стока може да се идентификува кога тој е доволно прецизен за да обезбеди лесно да се идентификува количината и видот на стоката.

(9) Кога појдовниот царински орган се откажува од пломбирање во транзитната декларација спроти насловот "ставени пломби" од рубрика "Г.Контрола од појдовниот царински орган" ја запишува забелешката: "***Непломбирано***".

(10) Царинските пломби можат да се отстранат само со дозвола на надлежните царински органи.

## П-1-2-6 Пат на превезување на стоката

*У чл. 232*

(1) Стоката ставена во транзитна постапка се превезува до одредишниот царински орган по економски оправдан пат. Главниот обврзник или неговиот претставник (возачот) мора да ја објасни економската оправаданост на избраниот пат на превезување на стоката на царинскиот орган.

(2) За стока со зголемен ризик од измами која што се наоѓа на списокот во Прилогот 28 од Уредбата, или кога царинскиот орган или главниот обврзник смета дека тоа е потребно, појдовниот царински орган, земајќи ги предвид сите податоци доставени од главниот обврзник, го пропишува правецот на движење наведувајќи ги потребните податоци во транзитната декларација:

- во рубрика 44 од ЕЦД (во долниот дел од рубрика 44), кога се употребува ЕЦД,
- во рубрика 22 од ТИР Карнет, кога се употребува ТИР Карнет.

(3) **Појдовниот царински орган го пропишува правецот на движење со тоа што во горespоменатата рубрика, запишува:** „правец на движење:” и имињата на градовите заедно со броевите на патиштата од пропишаниот правец на движење. Пример за транзит од ГП Богородица до ГП Деве Баир: Гевгелија (Е-75), Велес (Е-75), Куманово (Е-75), Крива Паланка (Е-871).

## П-1-2-7 Ставање на стоката во транзитна постапка

(1) Стоката се пушта во транзитна постапка откако ќе се завршат формалностите кај појдовниот царински орган, а тоа се:

- прием и иницијална проверка (евидентирање) на декларацијата;
- контрола на веродостојноста на податоците во декларацијата и дали е правилно пополнета, како и преглед на стоката (не е неопходно);
- контрола на важењето на инструментот за обезбедување на царинскиот долг;
- определување на рокот за ставање на стоката на увид кај одредишниот царински орган;
- определување на пропишаниот пат (кога тоа е потребно);
- обезбедување на идентичност на стоката (вклучувајќи и пломбирање);
- евидентирање во Контролникот за ставање на стока во транзитна постапка доколку се исполнети претходните услови.

(2) Листовите број 1, 4 и 5 од ЕЦД сетот за транзит, кои евентуално се приложени кон ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница и дополнителните листи, се пополнуваат и се обележуваат со печат на појдовниот царински орган, на начин што ќе оневозможи замена на документите. Потоа, појдовниот царински орган мора:

- да ги врати листовите број 4 и 5 од ЕЦД сетот за транзит (ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница и дополнителните листи приложени кон неа) на главниот обврзник (застапникот),
- да го задржи листот број 1 од ЕЦД сетот за транзит (ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница и дополнителните листи приложени кон неа) и да го стави во посебниот регистар.

(3) Кога се употребува ТИР Карнет, рубриките 16-23 во белиот лист бр.1 и зелениот лист бр. 2 и рубриките 1-6 во талон 1 од ТИР Карнет, се пополнуваат и се обележуваат со печат на појдовниот царински орган, на начин што ќе оневозможи замена на документите. Потоа, појдовниот царински орган мора:

- да го врати ТИР Карнетот на главниот обврзник (застапникот), т.е. имателот на ТИР Карнет,
- да го задржи белиот лист број 1 од ТИР Карнетот и евентуално приложените дополнителни документи и да ги стави во посебниот регистар.

## П-1-2-8 Ставање на стока во транзитна постапка од овластен испраќач

*У чл. 249 и 265*

(1) Транзитната постапка со транзитна декларација во **форма на ЕЦД** (со ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница) може да започне со употреба на поедноставена постапка овластен испраќач. **Поедноставената постапка овластен испраќач не се употребува за започнување на транзитна постапка со** транзитна декларација во **форма на ТИР Карнет.**

*У чл.265, 267*

(2) Царинарницата надлежна за појдовниот царински орган може да одобри статус на овластен испраќач на лицата кои сакаат да испраќаат стока во транзитна постапка од своите простории или од некое друго определно место, без ставање на увид на таа стока и на транзитната декларација во форма на ЕЦД (со ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница) кај појдовниот царински орган. Образецот на барањето и упатството за пополнување за овластен испраќач е достапен на интернет страницата на Царинската управа (www.customs.gov.mk). Оваа надлежна Царинарница дава одобрение за овластен испраќач.

(3) Надлежната Царинарница која го дала одобрението за овластен испраќач има обврска, во тесна соработка со појдовниот царински орган, каде што се употребува поедноставената постапка овластен испраќач, да проверува дали имателот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, најмалку еднаш месечно.

(4) Појдовниот царински орган, каде што се употребува поедноставената постапка овластен испраќач, има обврска да проверува дали оваа поедноставена постапка се употребува правилно и дали имателот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, најмалку еднаш месечно.

*У чл.265,267* (5) Кога стоката, која е наведена во одобрението, е подготвена за ставање во транзитна постапка во неговите простории или на местото определно во одобрението, овластениот испраќач, мора да ги испрати податоците од транзитната декларација во пропишана форма во компјутерскиот систем на Царинската управа. Податоците од транзитната декларација се регистрирани и запишани под референтен број на транзитната декларација (рубрика 7 од ЕЦД).

(6) Во исто време овластениот испраќач испраќа „**Известување за ставање на стока во транзитна постапка”** до појдовниот царински орган. Во ова известување се наведени основните информации за стоката што се става во транзитна постапка.

(7) По приемот на известувањето за ставање на стока во транзитна постапка во работното време, **појдовниот царински орган мора:**
- да ги провери податоците од известувањето и да ги спореди со одобрението на овластениот испраќач (идентификација на овластениот испраќач и основна информација за стока што се испраќа),
- да реши дали ќе врши царинска контрола на стоката што се испраќа од овластениот испраќач:
- ако не врши царинска контрола, царинскиот орган **МОЖЕ** да го извести овластениот испраќач со известување за царинска контрола,
- ако врши царинска контрола, **појдовниот царинскиот орган МОРА** да го извести овластениот испраќач со известување за царинска контрола,
- да ја регистрира снимената транзитна декларација во соодветниот контролник. Регистарскиот број овластениот испраќач може да го прочита од компјутерскиот систем на Царинската управа.

(8) По приемот на известувањето за ставање на стока во транзитна постапка по работното време, **надлежната Царинарница мора:**
- да ги провери податоците од известувањето и да ги спореди со одобрението на овластениот испраќач (идентификација на овластениот испраќач и основна

информација за стока што се испраќа),

- да реши дали ќе врши царинска контрола на стоката што се испраќа од овластениот испраќач:
- ако не врши царинска контрола, надлежната Царинарница **МОЖЕ** да го извести овластениот испраќач со известување за царинска контрола,
- ако врши царинска контрола, **надлежната Царинарница МОРА** да го извести овластениот испраќач со известување за царинска контрола.

(9) Ако од било која причина царински службеник во појдовната царинска испостава во времето пропишано во одобрението за овластен испраќач не ја регистрира снимената транзитна декларација, по истекот на времето овластениот испраќач ќе ја регистрира снимената транзитна декларација во соодветниот контролник.

(10) Доколку е извршена царинска контрола на стоката, резултатот од контролата се запишува во рубрика Г од листовите бр. 1, 4 и 5 од ЕЦД и, доколку е потребно, во записник за контрола. Резултатот од контролата се заверува од царински службеник кој ја извршил контролата. Со тоа, поедноставената постапка за овластен испраќач завршува, а појдовниот царински орган е одговорен за ставање на стоката во транзитна постапка.

*У чл. 269 (1)*

(11) Овластениот испраќач има обврска да изврши детална контрола на стоката и мора да ја пополни транзитната декларација со тоа што во рубрика Г „Контрола на појдовен царински орган", во делот (рубрика) „резултат" се запишува **„Овластен испраќач"**.

*У чл.269 (1)*

(12) Овластениот испраќач има обврска да ја идентификува стоката ставена во транзитна постапка. Во согласност со член 234 од Уредбата, стоката ставена во транзитна постапка не се пушта доколку не е пломбирана. Овластениот испраќач мора да ја пополни транзитната декларација со тоа што во рубрика Г „Контрола на појдовен царински орган" во делот (рубрика) „ставени пломби-вкупно" се запишува вкупниот број на ставени царински пломби, а во делот (рубрика) „идентитет" се запишува идентификациски ознаки на ставени царински обележја (царинска пломба). Овластениот испраќач може да употреби царинска пломба дадена од појдовниот царински орган или своја пломба одобрена со одобрението за поедноставена постапка за употреба на посебен вид пломби дадено од надлежната Царинарница. Образецот на барањето и упатството за пополнување за поедноставена постапка за употреба на посебен вид пломби е достапен на интернет страницата на Царинската управа (www.customs.gov.mk).

*У чл. 235*

(13) Кога овластениот испраќач е изземен од ставање пломба или не може да се стават пломби поради видот на стоката, овластениот испраќач мора да ја запише забелешката **„Непломбирано"** во рубрика Г „Контрола на појдовен царински орган" во делот (рубрика) „ставени пломби".

*У чл. 269 (1)* (14) Овластениот испраќач има обврска да ја пополни транзитната декларација со тоа што во рубрика Г „Контрола на појдовен царински орган” во делот (рубрика) „краен рок (датум)” го запишува рокот-датумот за испраќање на стоката до одредишниот царински орган кој не смее да биде подолг од еден календарски ден, во форма на датум (дд/мм/гггг).

*У чл. 267* (15) Сите листови од транзитната декларација (лист број 1, 4 и 5 од ЕЦД, ЕЦД-БИС, товарница или посебна товарница) кои ги употребува овластениот испраќач мора да се пополнат и да се стави печат на нив во согласност со царинските прописи. Овластениот испраќач мора да употреби листови од транзитната декларација:

- однапред заверени со печат од појдовниот царински орган и потпишани од царински службеник во тој орган во рубриката В од ЕЦД или ЕЦД-БИС и во долниот дел од горната рубрика од товарницата или во рубриката од посебната товарница која ја пополнува појдовниот царински орган,
- со посебен метален печат од овластениот испраќач, одобрен во одобрението за овластен испраќач, и потпишани од овластениот испраќач.

*У чл. 270* (16) Во одобрението за овластен испраќач може да му се одобри на овластениот испраќач да не ги потпишува транзитните декларации изготвени со интегрирани електронски или автоматски системи за обработка на податоци и кои имаат посебен метален печат за овластен испраќач. Во овој случај, транзитната декларација во рубриката определена за потпис на главниот обврзник мора да ја содржи забелешката: „**Изземање од потпис**”.

*У чл.265* (17) Одобрението за употреба на поедноставена постапка на овластен испраќач мора да биде одобрено само на лице на кое му е одобрена употреба на општа гаранција или му е одобрено изземање од гаранција. Одобрението за општа гаранција или потврда за изземање од гаранција мора да биде одобрено од страна на Централната управа на Царинската управа. Овластениот испраќач мора да запише во рубриката 52 од транзитната декларација во форма на ЕЦД:

- сериски број од општата гаранција и шифра „1”,
- сериски број на потврда за изземање на гаранцијата и шифра „0”.

*У член 269 (1)* (18) Овластениот испраќач има право да ја употреби можноста на пропишан правец на движење.

*У чл. 267-269* (19) Овластениот испраќач во левиот дел на рубрика Г од листовите број 1, 4 и 5 од транзитната декларација во форма на ЕЦД, мора да запише:

- датум на ставање на увид на стоката кај одредишниот

царински орган,
- ставени пломби, или забелешка „Непломбирано”,
- регистарски број, под кој податоците од транзитната декларација се регистрирани во соодветниот контролник.

*У чл. 265*

(20) Ако овластениот испраќач не прими писмено известување од царинскиот орган (појдовен царински орган или надлежна Царинарница) за царинска контрола во рокот пропишан во одобрението за овластен испраќач, овластениот испраќач има право да ја стави стоката во транзитна постапка.

*У чл.269 (3)*

(21) По испраќањето на стоката ставена во транзитна постапка од овластениот испраќач, листот број 1 од транзитната декларација (ЕЦД со ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница), без одлагање, во рокот одреден во одобрението, се испраќа до појдовниот царински орган.

(22) Појдовниот царински орган мора да го задржи листот број 1 од ЕЦД сетот за транзит (со ЕЦД-БИС или товарницата или посебната товарница и дополнителните листи приложени кон неа) и да го стави во посебниот регистар.

## П-1-3 Постапки во текот на превозот

*У чл. 232*

(1) Превозникот за време на превозот не смее да го напушти економски оправданиот пат или пропишаниот правец на движење (доколку е пропишан) до одредишниот царински орган. Сите евентуални застанувања за време на превозот треба да бидат од оправдани причини на места кои се предвидени и соодветно организирани за таа намена (на пример: бензинска пумпа, паркинг и слично).

*У чл.238*

(2) Во посебни случаи, за долунаведените настани за време на превозот, превозникот треба да ги внесе потребните податоци во транзитната декларација:
- доколку се смени пропишаниот правец на движење и доколку се применуваат одредбите од член 232 став (2) од Уредбата - во рубрика 56 од ЕЦД или во извештајот од ТИР Карнетот заверен од царинските власти;
- доколку пломбите се оштетат во текот на транспортната операција од причини кои се надвор од контрола на превозникот - во рубрика 56 од ЕЦД или во извештајот од ТИР Карнетот заверен од царинските власти;
- доколку стоката се претовара на друго транспортно средство - во рубрика 55 од ЕЦД или во извештајот од ТИР Карнетот заверен од царинските власти. Секое такво претоварање треба да се направи под надзор на царинскиот орган, кој може сепак да одобри претовар без негов надзор;
- во случај на директна опасност, која бара итно делумно или целосно истоварање на транспортното средство - во рубрика 56 од ЕЦД или во извештајот од ТИР Карнетот заверен од царинските власти;

- кога заради било каков инцидент или незгода главниот обврзник или превозникот не е во состојба да ги исполни обврските - во рубрика 56 од ЕЦД или во извештајот од ТИР Карнетот заверен од царинските власти,

и да ја стави на увид заедно со пратката кај царинскиот орган кој е најблиску до местото каде се наоѓа транспортното средство.

(3) **Кога царинскиот орган смета дека предметната транзитна операција може да продолжи по редовен пат**, тој ги презема сите потребни мерки, посебно да се обрне внимание на контролата на стоката (недостаток и оштетување), контролата на транспортното средство и ставање нова пломба/и (ако е неопходно), а потоа ја запишува и заверува неопходната забелешка во транзитната декларација, односно рубриката Е (ако е пополнета рубрика 56) или Ѓ (ако е пополнета рубрика 55) од листот број 4 и број 5 од ЕЦД или рубрика 18 од извештајот во ТИР Карнетот (ако се употребува ТИР Карнет).

(4) **Доколку пломбите се оштетат во текот на транспортната операција** од причини кои се надвор од контрола на превозникот, по превземањето на сите горенаведени потребни мерки, најблискиот царински орган:
- ја проверува впишаната информација од транспортерот во рубрика 56 од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот ,
- го запишува резултатот од контролата во рубрика 56 од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот,
- става нови пломби и нив ги запишува во рубрика 56 од ЕЦД или рубрика 15 од извештајот во ТИР Карнетот,
- става печат на царинскиот орган, потпис и факсимил на одговорниот царински работник во рубрика Е од ЕЦД или рубрика 18 од извештајот во ТИР Карнетот.

(5) **Во случај кога стоката се претовара на друго транспортно средство или се заменува само влечното возило и стоката не се претовара**, по превземањето на сите горе наведени потребни мерки, најблискиот царински орган:
- ја проверува впишаната информација од транспортерот во рубрика 55 од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот ,
- го запишува резултатот од контролата во рубрика Ѓ од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот,
- става нови пломби и нив ги запишува во рубрика Ѓ од ЕЦД или рубрика 15 од извештајот во ТИР Карнетот,
- става печат на царинскиот орган, потпис и факсимил на одговорниот царински работник во рубрика Ѓ од ЕЦД или рубрика 18 од извештајот во ТИР Карнетот.

(6) Кога се работи за повеќе од две претоварања и рубриката Ѓ е поради тоа веќе пополнета, потребните информации се запишуваат во рубриката 56 и Е од ЕЦД.

(7) **Во случај на непосредна опасност која бара итен делумен или целосен растовар** на транспортното средство, превозникот веднаш ги известува најблискиот царински орган и/или полицијата. По превземањето на сите горе наведени потребни мерки, најблискиот царински орган:
- ја проверува впишаната информација од транспортерот во рубрика 56 од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот ,
- го запишува резултатот од контролата во рубрика 56 од ЕЦД или рубриките од извештајот во ТИР Карнетот,
- става нови пломби и нив ги запишува во рубрика 56 од ЕЦД или рубрика 15 од извештајот во ТИР Карнетот,
- става печат на царинскиот орган, потпис и факсимил на одговорниот царински работник во рубрика Е од ЕЦД или рубрика 18 од извештајот во ТИР Карнетот.

(8) **Доколку царинскиот орган утврди дека предметната транзитна операција не може да продолжи по редовен пат**, тој ги превзема сите потребни мерки за да ја задржи стоката под царински надзор и игра улога на одредишен царински орган.

## П-1-4 Постапка кај одредишниот царински орган

*ЦЗ чл. 109*

(1) Главниот обврзник заедно со превозникот и примачот, кој ја прифаќа стоката знаејќи дека таа се наоѓа во транзитна постапка, се одговорни за ставање на сета стока на увид во непроменета состојба кај одредишниот царински орган заедно со соодветните листови од транзитната декларација (на пример, лист бр. 4 и лист бр. 5 од ЕЦД и ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница или лист бр. 2 од ТИР Карнет) во пропишаниот рок со почитување на мерките определени од царинскиот орган за обезбедување на нејзината идентификација (т.е. со ставени пломби).

*У чл. 272 (2)*

(2) Кога се применува поедноставена постапка овластен примач, транзитната постапка се смета за завршена од страна на овластениот примач кога листовите бр. 4 и 5 од транзитната декларација во форма на ЕЦД кои ја придружувале пратката (стоката), заедно со стоката во непроменета состојба, биле испорачани во пропишаниот рок до овластениот примач.

*ЦЗ чл. 106 (1)*

(3) Транзитната постапка завршува и обврските на носителот на постапката се исполнуваат со ставање на увид на стоката и потребната документација кај одредишниот царински орган, веднаш откако се исполнети гореспоменатите услови.

## П-1-4-1 Запазување на роковите

*ЦЗ чл. 109 (1)*

(1) Ставањето стока на увид кај одредишниот царински орган (или кај овластениот примач) мора да се случи во временскиот рок определен од појдовниот царински орган. Стоката мора да се

стави на увид кај одредишниот царински орган во тек на работното време.

(2) Во случај кога транзитно-транспортната операција завршува по работното време на внатрешнита царинска испостава (одредишен царински орган), запишувањето во евиденцијата на држателот на царинскиот терминал, каде што се наоѓа одредишниот царински орган, мора да се употреби за контрола на временскиот рок за ставање на увид на стоката кај одредишниот царински орган. Ставање на сета стока на увид во непроменета состојба кај одредишниот царински орган заедно со соодветните листови од транзитната декларација (на пример, лист бр. 4 и лист бр. 5 од ЕЦД или лист бр. 2 од ТИР Карнет) мора да се изврши во царинската испостава (одредишен царински орган), веднаш по започнувањето на работното време на истата.

*У чл. 233*

(3) Кога стоката се става на увид кај одредишниот царински орган по истекот на рокот пропишан од појдовниот царински орган и кога незапазувањето на рокот се должи на околности кои му се објаснети на царинскиот орган и кои се прифатени од него, а не може да му се припишат на превозникот или главниот обврзник, се смета дека главниот обврзник го запазил пропишаниот рок.

*Примери за докази за оправдани околности за доцнењето:*

- *потврда издадена од полициските органи (во врска со сообраќајна незгода, кражба, ..);*
- *потврда за извршена поправка на дефект на возилото;*
- *друг очигледен доказ со кој се оправдува задоцнувањето (блокиран патен правец, и слично).*

*ЦЗ чл. 264 (23)*

(4) Одредишната царинска испостава одлучува за валидноста на доказот. Во случај кога царинскиот орган нема да ги прифати поднесените докази потребно е да се започне постапка за царински прекршок согласно Царинскиот закон (види член 258-259 ЦЗ).

(5) Во случај кога е надминат пропишаниот рок за завршување на транзитната постапка, одредишниот царински орган е должен да изврши детална контрола на стоката и транспортните средства.

## П-1-4-2 Проверки кај одредишниот царински орган

*У чл.239 (2)*

(1) По ставањето на увид на стоките и документите кај одредишниот царински орган, тој е должен да утврди дали одредбите за транзитната постапка се исполнети и соодветно да ја заведе транзитната декларација во евиденцијата на контролникот за завршување на транзитната постапка.

*ЦЗ чл. 106 (1)*

(2) **Одредишниот car царински орган е должен:**

- да ги провери и да ги спореди меѓу себе податоците од транзитната декларација (на пример, листовите број 4 и 5 од ЕЦД сетот за транзит и ЕЦД-БИС или товарница или посебна товарница или лист бр. 2 од ТИР Карнет) и сите документи кои ја обезбедуваат идентичноста на стоката, и да провери дали се комплетирани и обележани со печат на појдовниот царински орган на начин којшто оневозможува замена на документите, односно дали некој документ е отстранет или заменет од комплетираните документи (да биде сигурен дека истата стока која била декларирана во појдовниот царински орган се става на увид кај одредишниот царински орган);
- да го запише датумот на пристигнувањето на стоката во одредишниот царински орган во транзитната декларација (на пример, во рубриката 3 на ЕЦД за транзит во листовите бр. 4 и 5, или во рубрика 6 во талон 2 и во рубрика 28 во зелениот лист бр.2 од ТИР Карнет);
- да ја провери состојбата на пломбите (оштетени или неоштетени);
- да изврши преглед на стоката и, врз основа на податоците од транзитната декларација и придружните документи, да провери дали сета декларирана стока е ставена на увид кај одредишниот царински орган.;
- да ги забележи утврдената состојба на царинските пломби и резултатот од прегледот на стоката.

## П-1-4-3 Завршување на транзитната постапка кај граничните царински испостави

*ЦЗ чл. 106 (1)*
*У чл.239 (2)*

(1) Завршување на транзитната постапка кај одредишна гранична царинска испостава се врши по ставањето на стоката и транзитната декларација на увид и по завршување на потребната контрола, со евидентирање во Контролникот за завршување на транзитна постапка.

(2) По завршување на транзитната постапка, одредишната гранична царинска испостава ја пушта стоката да го напушти царинското подрачје на Република Македонија.

## П-1-4-4 Завршување на транзитната постапка кај внатрешните царински испостави

*ЦЗ чл. 106 (1)*
*У чл.239 (2)*

(1) Завршување на транзитната постапка кај одредишна внатрешна царинска испостава се врши по ставањето на стоката и

транзитната декларација на увид и по завршување на потребната контрола, со евидентирање во Контролникот за завршување на транзитна постапка.

*У чл. 96 (4) и (2)*

(2) Со ставањето на стоката на увид и завршувањето на транзитната постапка вообичаено се поднесува збирна декларација и истовремено започнува привремено чување на стоката. Збирната декларација е во форма на примерок од транзитната декларација наменета за одредишниот царински орган. Во случај на повеќе примачи на стоката во транзитна постапка по правило се изготвува збирна декларација на образецот даден во Прилог 17 од УРЕДБАТА. Рокот за поднесување на збирна декларација, односно за барање за определено царински дозволено постапување или употреба на стоката, е првиот работен ден по денот кога стоката е ставена на увид кај царинскиот орган.

# П-1-4-5 Потврда за прием

*У чл. 240*

(1) Одредишниот царински орган на барање на лицето кое ги поднесува транзитната декларација во форма на листот број 4 и број 5 од ЕЦД му издава **потврда за прием** на стоката (потврда).

*У чл.240 (2)*
*У Прилог 36*

(2) Потврдата се издава на посебно пропишан образец **ТЦ-11 од Прилог 36 од Уредбата** и се поднесува од гореспоменатото лице. Потврда може да се изготви и на позадината од листот број 5 од транзитната декларација во форма на ЕЦД (Забелешка за потврда на прием).

*У чл. 240 (3)*

(3) Лицето кое ја поднесува транзитната декларација однапред ја пополнува потврдата. Таа може да содржи и други податоци во врска со пратката, освен во просторот кој е резервиран за одредишниот царински орган.

*У чл. 240 (3)*

(4) Потврдата не се употребува како доказ дека постапката е завршена во смисла на член 242 став (2) од Уредбата, туку служи како известување на главниот обврзник дека превозникот ја ставил на увид стоката кај одредишниот царински орган. Оваа потврда може да има значајна улога доколку појдовниот царински орган не го добие потврдениот лист број 5 од ЕЦД од одредишниот царински орган. Врз основа на потврдата која ја поднесува главниот обврзник или превозникот, појдовниот царински орган може да побара од одредишниот царински орган да му го испрати потврдениот лист број 5 од ЕЦД-то за транзит.

(5) Царинскиот службеник во одредишниот царински орган кој ја заверува потврдата треба да провери:

- дали е употребена пропишаната форма за издавање на потврда;

- дали потврдата е јасно и читливо пополнета;
- дали е точно пополнета;
- дали има околности заради кои не треба да се издаде потврдата (на пример нерелевантни податоци се наведени во просторот наменет за царинските органи или постојат утврдени неправилности итн).

## П-1-4-6 Завршување на транзитна постапка кај друга одредишна царинска испостава

*У чл. 239 (4)*

(1) Транзитната постапка може да заврши и во царински орган различен од оној кој е наведен во транзитната декларација (во рубрика 53 во листовите бр.4 и 5 од ЕЦД или во рубрика 22 од белиот лист бр.1 и зелениот лист бр.2 од ТИР Карнет). Тој царински орган тогаш станува одредишен царински орган.

*У член 239 (4)*

(2) Кога новиот одредишен царински орган е различен од оној кој првобитно бил одреден, новиот одредишен царински орган, покрај вообичаените забелешки кои е должен да ги запише, ја запишува забелешка во соодветните рубрики од транзитната декларација.

(3) Во овој случај, подносителот на транзитната декларација (превозник или главен обврзник) мора да даде образложение (доволно е усно) за причините за промена на дестинацијата. Новиот одредишен царински орган ја завршува транзитната постапка со задолжителна проверка на стоките / возилото.

## П-1-4-7 Завршување на транзитната постапка од овластен примач

*У чл. 272 (2)*

(1) Транзитната постапка со транзитна декларација во форма на ЕЦД (ЕЦД-БИС, товарница, посебна товарница) може да заврши со употреба на поедноставена постапка овластен примач. **Поедноставената постапка овластен примач не се употребува за завршување на транзитна постапка со ТИР Карнет.**

*У чл. 272 (1)*

(2) Царинарницата надлежна за одредишниот царински орган може да одобри статус на овластен примач на лицата кои сакаат да примаат, во своите простории или на некое друго определно место, стока, ставена во транзитна постапка, без ставање на увид на таа стока и на транзитна декларација во форма на ЕЦД, лист број 4 и 5 од ЕЦД (ЕЦД-БИС, товарница, посебна товарница) кај одредишниот царински орган. Образецот на барањето и упатството за пополнување за поедноставена постапка за за овластен примач е достапен на интернет страницата на Царинската управа (www.customs.gov.mk). Оваа надлежната Царинарница дава одобрение за овластен примач.

(3) **Надлежната Царинарница** која го дала одобрението за овластен примач има обврска, во тесна соработка со одредишниот царински орган, да **проверува** дали имателот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, **најмалку еднаш месечно**.

(4) **Одредишниот царински орган**, каде што се употребува поедноставената постапка овластен примач, има обврска да **проверува** дали оваа поедноставена постапка се употребува правилно и дали имателот на одобрение ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од одобрението, **најмалку еднаш месечно**.

*У чл. 250 (2) а)*

(5) За да се подобри сигурноста на завршувањето на транзитната постапка од овластениот примач, Царинската има изготвено образец на потврда за овластен примач. Надлежната Царинарница дава потврда за овластен примач. Потврда за овластен примач се употребува како доказ за превозникот дека стоката ја испорачува на овластен примач. Рокот на важењето на потврдата не смее да биде подолг од една година од датумот на нејзиното издавање. Овој рок може да се продолжи еднаш за најмногу една година. Надлежната Царинарница ја заверува потврдата. Во случај на продолжување, надлежната Царинарница ја заверува потврдата. Употребата на потврдата е објаснета во дел Б од одобрението за овластен примач.

*У чл. 274 (1), а)*

(6) Кога стоката ќе пристигне во неговите простории или на местото определно во одобрението, овластениот примач веднаш го известува одредишниот царински орган со „**Известување за прием на стока”**. Во ова известување се наведени основните информации за стоката ставена во транзитна постапка.

(7) По приемот на известувањето за прием на стока во работното време, **одредишниот царински орган мора:**
- да ги провери податоците од известувањето и да ги спореди со одобрението на овластениот примач (идентификација на овластениот примач и основна информација за примената стока),
- да реши дали ќе врши царинска контрола на стоката доставена на овластениот примач.

(8) По приемот на известувањето за прием на стока по работното време, **надлежната Царинарница мора:**
- да ги провери податоците од известувањето и да ги спореди со одобрението на овластениот примач (идентификација на овластениот примач и основна информација за примената стока),
- да реши дали ќе врши царинска контрола на стоката доставена на овластениот примач.

(9) Доколку е извршена царинска контрола на стоката, резултатот од контролата се запишува во рубрика Ј од листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД и, доколку е потребно, во записник за контрола.

Резултатот од контролата се заверува од царински службеник кој ја извршил контролата. Со тоа, поедноставената постапка за овластен примач завршува (затоа што е извршена царинска контрола на стоката), а одредишниот царински орган е одговорен за завршување на транзитната постапка.

*У чл. 273, 274* (10) Ако овластениот примач не прими писмено известување од царинскиот орган (одредишен царински орган или надлежна Царинарница) за царинска контрола во рокот пропишан во одобрението за овластен примач, овластениот примач има право да ја истовари стоката. Овластениот примач има обврска да изврши детална контрола на стоката врз основа на информацијата од транзитната декларација и приложените документи. Со тоа, овластениот примач е одговорен за завршување на транзитната постапка.

*У чл. 274 (1) а)* (11) Ако овластениот примач утврди недоследности (вишок, недостаток, заменета стока или какви било други недоследности), тој ќе го извести одредишниот царински орган (во работното време) или одредишниот царински орган и надлежната Царинарница (по истекот на работното време) со „**Известување за неправилности**”. Во ова известување се наведени основните информации за недоследностите утврдени за стоката ставена во транзитна постапка.

(12) По приемот на известувањето за неправилности во работното време, **одредишниот царински орган мора:**
- да ги провери податоците од известувањето за неправилности од овластениот примач и да ги спореди со одобрението на овластениот примач (идентификација на овластениот примач и основна информација за примената стока),
- да ги процени податоците од известувањето за неправилности од овластениот примач,
- **да реши за понатамошните чекори за контрола на неправилностите.**

(13) По приемот на известувањето за неправилности по истекот на работното време, **надлежната Царинарница мора:**
- да ги провери податоците од известувањето за неправилности од овластениот примач и да ги спореди со одобрението на овластениот примач (идентификација на овластениот примач и основна информација за примената стока),
- да ги процени податоците од известувањето за неправилности од овластениот примач,
- **да реши за понатамошните чекори за контрола на неправилностите.**

(14) Доколку е извршена царинска контрола на стоката, резултатот од контролата се запишува во рубрика З од листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД и, доколку е потребно, во записник за контрола. Резултатот од контролата се заверува од царински службеник кој ја извршил контролата. Со тоа, поедноставената постапка за овластен примач завршува (затоа што е извршена царинска

контрола на стоката), а одредишниот царински орган е одговорен за завршување на транзитната постапка.

*У чл. 272 (2)* (15) Доколку не е извршена царинска контрола на стоката, овластениот примач има право да ја заврши транзитната постапка (за применета стока ставена во транзитна постапка) доколку ја примил сета стока и не биле утврдени никакви неправилности. Транзитната постапка се смета за завршена од овластениот примач кога листовите бр. 4 и 5 од транзитната декларација во форма на ЕЦД кои ја придружувале пратката (стоката), заедно со стоката во непроменета состојба, биле испорачани во пропишаниот рок до овластениот примач.

*У чл. 274 (1) б)* (16) **Овластениот примач** во левиот дел на рубрика 3 од листовите број 4 и 5 од транзитната декларација во форма на ЕЦД, **мора да запише:**

- датум на пристигнување на стоката,
- состојбата на ставените пломби,
- регистарски број, под кој податоците од транзитната декларација (збирна декларација) се регистрирани во соодветниот контролник (контролник **К2** за транзитна декларација во форма на ЕЦД).

*ЦЗ чл. 59 – 61 (1)* (17) Од моментот на завршување на транзитната постапка до моментот на доделување царински одобрено постапување или употреба на стоката за којашто завршила транзитната постапка, стоката мора да има статус на стока во привремено чување. Стоката во привремено чување мора да се чува во просторија за привремено чување одобрена од страна на одредишниот царински орган или надлежната Царинарница, којашто е наведена и во одобрението за овластен примач.

*ЦЗ чл. 61 (2)* (18) Овластениот примач мора да обезбеди гаранција за плаќањето на можниот царински долг за стоката ставена во привремено чување со општа гаранција којашто мора да биде прифатена и одобрена од страна на Централната управа на Царинската управа.

*У чл. 274 (1) б)* (19) Овластениот примач мора да ги врати листовите број 4 и 5 од ЕЦД до појдовниот царински орган најдоцна наредниот работен ден по денот кога овластениот примач ја примил стоката ставена во транзитна постапка. Одредишниот царински орган на писмено барање од овластениот примач може да го продолжи рокот за враќање на листовите број 4 и 5 од ЕЦД до појдовниот царински орган за најмногу 3 работни денови по денот кога овластениот примач ја примил стоката ставена во транзитна постапка.

(20) Одредишниот царински орган мора:

- да ги прифати листовите број 4 и 5 од ЕЦД поднесени од овластениот примач,
- да ги провери податоците внесени во листовите број 4 и 5 од овластениот примач, и
- да продолжи со постапката објаснета подолу во делот Б-1-

5.

# П-1-5 Потврдување на завршувањето на транзитната постапка и нејзино раздолжување

## П-1-5-1 Постапување на одредишниот царински орган

(1) Царински работник кај одредишниот царински орган одговорен за потврдување на завршувањето на транзитната постапка проверува дали сите чекори и внесови се правилно извршени. Посебно внимание треба да посвети на следново:

- шифра и назив на одредишниот царински орган од **Прилог 2 од ЕЦД прирачникот** „Кодексот на шифри", како и бројот и датумот од контролникот под која е евидентирана ЕЦД кај одредишниот царински орган;
- датум на испраќање на потврдата на прием до појдовниот царински орган;
- потпис и факсимил на одговорниот царински работник и печат на одредишниот царински орган.

*У чл. 241*

(2) Одредишниот царински орган го враќа листот број 5 од ЕЦД-то (кога транзитната декларација е во форма на ЕЦД) или долниот дел од листот бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет (кога транзитната декларација е во форма на ТИР Карнет) на појдовниот царински орган без одлагање, а најдоцна во рок од еден работен ден од денот на завршување на транзитната постапка.

(3) Одредишниот царински орган го задржува листот број 4 од ЕЦД-то (кога транзитната декларација е во форма на ЕЦД) или горниот дел од листот бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет (кога транзитната декларација е во форма на ТИР Карнет) заедно со придружните документи во својата евиденција.

## П-1-5-2 Постапување на појдовниот царински орган

*ЦЗ Чл. 106 (2)*

(1) Раздолжување на транзитната постапка се врши кога појдовниот царински орган ќе утврди дека постапката е правилно завршена. Тоа го прави откако ќе ги добие од одредишниот царински орган извештаите заедно со сите заверени документи - листовите бр. 5 од ЕЦД за транзит (кога транзитната декларација е во форма на ЕЦД) или долниот дел од листовите бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет (кога транзитната декларација е во форма на ТИР Карнет).

(2) **Царинскиот службеник во појдовниот царински орган треба:**

- **да утврди** дали кон извештајот се приложени сите наведени заверени документи (листовите бр. 5 од ЕЦД за транзит и долниот дел од листовите бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет);
- **да ги спореди податоците** од листот број 1 со листот број 5 на ЕЦД (кога транзитната декларација е во облик на ЕЦД) и лист бр. 1 (бел лист) со дел од листот бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет (кога транзитната декларација е во облик на ТИР Карнет);
- **да провери дали се наведени определени забелешки** кои укажуваат на некои неправилности;

*ЦЗ Чл. 106 (2)*

- **да ја раздолжи транзитната постапка** ако податоците од листот број 1 и листот број 5 од ЕЦД или лист бр. 1 (бел лист) со дел од листот бр. 2 (зелен лист) од ТИР Карнет **се истоветни**, и ако:
  - не се откриени неправилности, или
  - откриените неправилности не предизвикуваат настанување на царински долг, или
  - откриените неправилностите предизвикале царински долг, а истиот е наплатен.

# П-1-6 Наплата на царински долг

(1) Во согласност со одредбите кои се однесуваат на долгот и неговото наплаќање, појдовниот царински орган е должен да утврди дали настанал царински долг.

(2) Кога појдовниот царински орган утврди дека настанал царински долг, Царинарницата надлежна за појдовниот царински орган е одговорна за наплата на овој царински долг.

# П-1-6-1 Настанување на царински долг

(1) Царинарницата во чија надлежност е појдовниот царински орган е должна да ги утврди причините, времето и местото каде настанал царинскиот долг и лицето кое е одговорно за плаќање на долгот (должник или должници) врз основа на документите и податоците добиени од појдовниот царински орган. Врз основа на изготвениот предлог за наплата на царински долг (висината на царински долгт) Службата за царинско управна и прекршочна постапка изготвува решение за наплата на пресметаниот царински долг.

*ЦЗ чл.218(1)*

(2) Царински долг во транзитна постапка настанува:

- кога стоката бесправно ќе се отстрани од царински надзор,

*ЦЗ чл. 219(1)*

или

- **со неисполнување на некоја од обврските** произлезени од употребата на транзитна постапка или **непридржување кон еден од условите** за ставање стока во транзитна постапка.

*ЦЗ член 218*

(3) **Под бесправно отстранување на стока од царински надзор** во транзитната постапка се подразбира:

- отстранување на царинско обележје (царинска пломба), односно отстранување на царинската пломба и изнесување на стоката надвор од товарниот дел на транспортното средство,
- насилно влегување во товарниот дел на средството за транспорт и изнесување на стоката надвор од товарниот дел на транспортното средство.

*ЦЗ чл. 219(1) а)*

(4) **Обврските кои произлегуваат од употребата на транзитна постапка се сметаат за неисполнети кога:**

- **главниот обврзник** не ја ставил стоката на увид во непроменета стостојба кај одредишниот царински орган (или овластениот примач) во пропишаниот рок,
- **превозникот** не ја ставил стоката на увид во непроменета стостојба кај одредишниот царински орган (или овластениот примач) во пропишаниот рок,
- **примачот** не ја ставил стоката на увид во непроменета стостојба кај одредишниот царински орган (или овластениот примач) во пропишаниот рок.

*ЦЗ чл. 219(1) б)*

(5) **Непридржување кон еден од условите** за ставање стока во транзитна постапка значи:

- стоката ставена во транзитна постапка не била правилно декларирана (на пример, декларирана е хартија, а со дополнителната котрола е утврдено дека се работи за цигари),
- гаранцијата за стоката ставена во транзитна постапка не е валидна (со дополнителната контрола е утврдено дека е фалсификувана или има изминат рок на важење итн.),
- за стоката нема приложено дозволи и одобренија во согласност со прописите за забрани и ограничувања.

*У чл. 455*

(6) **Царински долг не настанува** за пропустите кои немаат значајно влијание врз правилното спроведување на постапката, освен ако:

- не претставуваат обид за бесправно изнесување на стоката од под царински надзор,
- не упатуваат на очигледна небрежност од страна на странката,
- сите потребни формалности неопходни за регулирање на состојбата со стоката се извршени дополнително.

Примери за горенаведените пропусти се дадени во член 455 од Уредбата.

*ЦЗ чл. 221(1)* (7) **За стоката ставена во транзитна постапка нема да се смета дека настанал царински долг, исто така,** доколку странката, во согласност со член 219 став 1 од ЦЗ, докаже дека неисполнувањето на обврските кои произлегуваат од ставањето на стоката во транзитната постапка се должи на целосно уништување или неповратна загуба на стоката како резултат на нејзината природа или непредвидливи околности или виша сила, или како последица на одобрението дадено од страна на царински орган. Стоката се смета за неповратно загубена доколку е неупотреблива за кое било лице.

*ЦЗ чл. 218(2)* (8) Царинскиот долг врз основа на член 218 (1) од ЦЗ настанува во моментот на отстранување на стоката од царински надзор.

*ЦЗ чл. 219(2)* (9) Царинскиот долг врз основа на член 219 (1) од ЦЗ настанува во моментот кога:

- е исполнета обврската, поради чие неисполнување настанува царинскиот долг, или
- дополнително е утврдено дека не бил исполнет еден од условите со кои се регулира ставањето стока во транзитна постапка.

*Чл. 230(2) ЦЗ* (10) Кога не е можно царинскиот орган точно да утврди кога настанал царинскиот долг, моментот којшто се зема предвид за определување на елементите за утврдување на давачките кои важат за предметната стока е моментот кога царинскиот орган заклучил дека за стоката настанал царински долг.

(11) Царинскиот долг врз основа на член 218 (1) или на член 219 (1) од ЦЗ настанува на местото одредено во член 231 од ЦЗ.

*Чл. 218(3) ЦЗ* (12) За царинскиот долг настанат врз основа на член 218 (1) од ЦЗ следните лица се сметаат за должници:

- лицето кое ја отстранило стоката од царински надзор (на пример, лицето кое изнело стоката од товарниот дел на транспортното средство - провалник),
- сите лица кои учествувале во тоа отстранување и кои знаеле или морале да знаат дека стоката била отстранета од царински надзор (на пример, лице кое му помогнало на провалникот),
- сите лица кои стекнале во сопственост или поседувале таква стока и кои знаеле или морале да знаат, во моментот на стекнување или прифаќање на стоката, дека стоката била отстранета од царински надзор (на пример, лицата кои ја купиле стоката од провалникот),
- кога е тоа потребно, лицето од кое се бара да ги исполни обврските кои произлегуваат од привременото чување на стоката или употребата на царинската постапка во која таа стока е ставена (на пример, главниот обрвзник, превозникот или примачот, кога не го спречиле отстранувањето на стоката од царински надзор во транзитна постапка).

*Чл. 219(3) ЦЗ*

(13) За царинскиот долг настанат врз основа на член 219 (1) од ЦЗ следните лица се сметаат за должници:
- лицето кое треба да ги исполни обврските кои произлегуваат од употребата на транзитната постапка во која е ставена стоката (на пример, главниот обврзник или превозникот кои не ја испорачале стоката во пропишаниот рок до одредешниот царински орган), или
- лицето кое треба да ги исполни условите за ставање стока во транзитна постапка (на пример, главниот обврзник не ја пријавил правилно стоката, или ако користел неважечка гаранција или ако не ги доставил потребните дозволи).

# П-1-6-2 Пресметка и наплата на царински долг

*Чл. 230 ЦЗ*

(1) Царинарницата (Службата за управна постапка) надлежна за појдовниот царински орган е должна да го пресмета настанатиот царински долг. Износот на увозните или извозните давачки (царински давачки и даноци) за стоката се утврдува врз основа на елементите за утврдување на давачките кои важат за таа стока во моментот на настанување на царинскиот долг, или во моментот кога царинскиот орган заклучил дека настанал царинскиот долг.

# П-1-7 Други транзитни постапки

# П-1-7-1 Транзитна постапка со ТИР карнет

(1) Транзитниот систем се заснова врз пет главни основи:
- Стоката се транспортира во одобрени возила – со уверение за одобрување (образец во прилог 4 од Конвенцијата ТИР, освен транспорт на тешка или габаритна стока или контејнери – со таблица за одобрување, образец во прилог 7, втор дел од Конвенцијата ТИР, освен транспорт на тешка или габаритна стока) со царинска пломба (освен транспорт на тешка или габаритна стока – види членовите 29 – 32 од Конвенцијата ТИР);
- За време на транспортот со ТИР, давачките и даноците за стоката се одложени и обезбедени од ланец на меѓународно валидни гаранции дадени од ТИР карнет. Националното здружение гарант на секоја земја (АМЕРИТ во Република Македонија) го гарантира плаќањето на какви било давачки и други наплаќања кои може да настанат во случај на неправилности во таа земја за време на ТИР операцијата. Секоја земја поставува свој гарантен плафон, но препорачаниот максимален износ кој што се бара од секое национално здружение во случај на неправилност изнесува 50.000 УСД (за Република Македонија денарска противвредност на 50.000 УСД). ТИР Карнетот за транспорт на алкохол и тутун со гаранција од 200.000 УСД од член 8 став 3 од ТИР Конвенцијата повеќе

не се издава и не се употребува;

- Стоката ја придружува меѓународно признат документ, ТИР карнет, кој обезбедува доказ за постоење на гаранција и служи како царинска транзитна декларација во земјите на поаѓање, земјите на транзит и земјите на одредиште. ТИР карнетите се печатат и даваат од страна на Меѓународна унија за патен транспорт (ИРУ) за националните гарантни здруженија (АМЕРИТ – Стопанска Интересна Заедница за Патен Транспорт – Македонија Сообраќај во Република Македонија). ТИР карнетот важи само за еден ТИР транспорт. Се употребува во земјата на поаѓање и служи како документ за царинска контрола во земјите на поаѓање, земјите на транзит и земјите на одредиште;
- Мерките за царинска контрола што се преземаат во земјата на поаѓање се прифаќаат во земјите на транзит и земјите на одредиште. Како последица на тоа и како општо правило, не се врши преглед на стоката што се превезува во ТИР постапка во возила со печат или контејнери.
- Како средство за контрола на пристап кон ТИР постапка, националните здруженија (АМЕРИТ во Република Македонија) коишто сакаат да даваат ТИР карнети и лицата (економски оператори) кои сакаат да употребуваат карнети мора да ги задоволат минималните услови (барања) и мора да бидат овластени од страна на надлежни органи (Царина на Република Македонија).

(2) ТИР транспорт се состои од последователни ТИР транзитни операции. Во секоја договорна страна на ТИР конвенцијата, ТИР операцијата започнува кај појдовниот царински орган/царински орган на влез и завршува кај одредишниот царински орган или царинскиот орган на излез. Секоја ТИР операција се контролира на сличен начин како и при националната транзитна постапка со употреба на комплет листови број 1 и 2 од ТИР карнетот. Појдовниот царински орган/царински орган на влез го зема листот број 1 од ТИР карнетот. Одредишниот царински орган/царинскиот орган на излез во истата договорна страна го зема листот број 2 и го враќа на појдовниот царински орган заради споредба со листот број 1, за да може ТИР операцијата да се раздолжи. Слична е постапката во секоја договорна страна на ТИР конвенцијата за време на транспортот ТИР. Во транспортот ТИР може да учествуваат неколку појдовни или одредишни царински органи, но најмногу 4. Комплетот од листовите бр.1 и 2 се употребува за секој дополнителен појдовен или одредишен царински орган. За целите на оваа постапка, царинското подрачје на Заедницата се смета како единствено подрачје. Услов е дел од ТИР транспортот да се врши по патен сообраќај, и на возилото или на контејнерот да биде поставена таблица ТИР (види прилог 5 од Конвенција ТИР) за време на ТИР транспортот.

(3) **Одобрување на ТИР возила или ТИР контејнери се врши** од страна на комисиите за одобрување, кои се формирани во Царинарниците и се составени од тројца царински службеници од царински испостави или Царинарници, со:

- заверување на Уверението за одобрување на ТИР возило (образец во прилог 4 од ТИР конвенцијата);
- заверување на Уверението за одобрување на ТИР контејнер (образец во прилог 7, втор дел, од ТИР конвенција);
- заверување на прилозите на Уверение за одобрување на ТИР возило во форма на фотографии (слики) или технички скици (член 2, прилог 3 од ТИР конвенција);
- наплаќање на административните такси за одобрување на ТИР возила или ТИР контејнери во корелација со Сериски број на Уверението за одобрување на ТИР возило од деловодна книга за ТИР уверенија (сертификати) во надлежната Царинарница.

(4) Продолжување на важноста на Уверението за одобрување на ТИР возило се врши од страна на комисиите споменати во претходната точка. Привремено повлекување на Уверението за одобрување на ТИР возило и повторно одобрување на ТИР возило се врши од истите комисии.

(5) Редовни проверки на важењето на Уверението за одобрување на ТИР возило се вршат во појдовниот царински орган.

(6) Во исклучителни случаи, појдовниот царински орган, врз основа на член 23 од Конвенцијата ТИР, има право да побара царинска придружба на патни возила, комбинирани возила или контејнери на подрачјето на Република Македонија, на трошок на превозникот (имателот на ТИР карнетот). Овие исклучителни случаи се, на пример:
- кога давачките и даноците се ризични и нивниот износ е поголем од износот на гаранцијата (50.000 УСД) за стока која се превезува со обичен ТИР Карнет во согласност со член 4 и член 8.3 од ТИР Конвенцијата,
- кога стоката превезувана со ТИР Карнет е ризична или опасна за населението и флората и фауната на Република Македонија (на пр. отров, експлозиви, нуклеарни материи, итн.) и неопходно е да се спречи нејзина злоупотреба за време на ТИР операцијата на подрачјето на Република Македонија.

(7) Во случај кога царинскиот орган (појдовниот или одредишниот) се сомнева во валидноста и автентичноста на поднесениот ТИР карнет, истиот царински орган ќе ја изврши потребната контрола. Доколку царинскииот орган (појдовен или одредишен) утврди дека ТИР карнетот е фалсификуван или изменет, веднаш:
- го одзема ТИР карнетот,
- ги одзема сите документи, го запленува возилото заедно со стоката и го задржува возачот на возилото.

(8) **Заверениот извештај** (види **прилог 3 од овој прирачник**) **од ТИР карнетот_** го употребува имателот на ТИР карнет (чиј претставник е возачот на ТИР возилото) врз основа на член 25 од ТИР Конвенцијата во следните случаи:
- доколку царинските пломби се скршени во текот на

превозот во околности различни од оние во член 24 и 35 (Царинскиот орган врши преглед на товарот на патното возило, комбинација на возила или контејнерот) од ТИР Конвенцијата, или

- доколку стоката е уништена или оштетена без кршење на ваквите царински пломби (на пр. сообраќајна незгода или друга незгода).

(9) Во горенаведените случаи, имателот на ТИР карнетот (превозникот) врз основа на член 25 од ТИР Конвенцијата ги почитува правилата за употреба на ТИР карнетот кои како дел од ТИР карнетот се опишани во Прилог 1 од ТИР Конвенцијата, особено имателот на ТИР карнетот (превозникот) веднаш стапува во контакт со царинскиот орган, доколку е во близина, а доколку не, со било кој друг надлежен орган (на пр. полиција). Во случај на незгода, кога товарот треба да се пренесе на друго возило или друг контејнер, пренесувањето може да се изврши само во присуство на еден од горенаведените органи.

(10) Засегнатиот орган (полиција или царина), доколку е можно заедно со превозникот, ги пополнува рубриките 1, 4, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 врз основа на заверениот извештај од ТИР карнетот (види **прилог 3 од овој прирачник**). Засегнатите органи ја потврдуваат информацијата наведена во рубрика 17 од заверениот извештај. Имателот на ТИР карнетот (превозникот) без одложување го става на увид возилото со превезената стока и ТИР карнетот заедно со заверениот извештај до најблискиот царински орган за понатамошни измени на деталите наведени во ТИР карнетот (податоци за стоката, средствата за транспорт и пломбата/пломбите) и за заверување на рубрика 18 од заверениот извештај. Возилото или контејнерот употребен за понатамошен транспорт на стоката пријавена во ТИР карнетот се пломбира. Заверениот извештај останува приложен кон ТИР карнетот додека пристигне во одредишниот царински орган. Царинските органи на земјите на транспорт, исто така, одлучуваат дали ќе дозволат транспортот со ТИР карнетот да продолжи во истото возило или контејнер.

(11) Во случај на непосредна опасност која наметнува потреба од претовар на цела или дел од товарот, имателот на ТИР карнетот (превозникот) може да преземе активности по своја иницијатива без да поднесе барање, или да чека горенаведенит органи да преземат активности. Потоа, поднесува доказ дека бил приморан да преземе таква активност во интерес на возилото или контејнерот или стоката. Веднаш откако презел таква превентивна мерка наметната од итност на случајот, го известува горенаведениот орган заради потврда на фактите, проверка на товарот, пломбирање на возилото или контејнерот, и заверениот извештај.

# П-1-7-2 Транзитна постапка со АТА карнет

(1) Транзитната постапка со АТА карнет се базира на следните начела:

- Правната основа на оваа транзитна постапка е Царинската Конвенција за АТА Карнет за привремен увоз на стока (АТА Конвенција), односно новата Конвенцијата за привремен увоз, попозната како Истанбулската конвенција (објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 29/2006);
- Во транзитна постапка со АТА Карнет, стоката не подлежи на плаќање на увозни давачки и други давачки и е обезбедена/осигурана од ланец меѓународно признати гаранции обезбедени со АТА карнет (врз основа на член 2 став 1 и член 8 став 1 и 2 од Прилог А на Истанбулската Конвенција). Националното гарантно здружение во секоја држава (Стопанска комора на Република Македонија) го гарантира плаќањето на сите давачки и други такси кои би можеле да настанат во случај на неправилности кои можат да настанат во текот на транзитната постапка со АТА карнет (нема ограничување на висината на гаранцијата како во транзитна постапка со ТИР карнет = 50.000 УСД);
- Стоката е пропратена со меѓународнато признат документ, АТА карнет, кој го докажува постоењето на гаранцијата и служи како царинска транзитна декларација (врз основа на член 2 став 3 од Прилог А на Истанбулската Конвенција) во државите на транзит и увоз (одредиште). АТА карнетите се печатат и издаваат од националните гарантни здруженија (Стопанска комора на Република Македонија) под покровителство на Меѓународната управа на стопанските комори (Меѓународна стопанска комора - (ИБЦЦ));
- Царинско контролните мерки кои се преземаат во извозната држава (појдовната држава) се прифаќаат од страна на државите на транзит и увоз (одредиште). Како последица, стоката која се пренесува под АТА постапката во пломбирани возила или контејнери, по правило, не се прегледува кај царинските испостави во транзитната постапка.

(2) Операцијата со АТА карнет се состои од низа од извозна постапка со АТА карнет (жолт лист), транзитни операции со АТА карнет (два сини листа), постапка за привремен увоз со АТА карнет (бел лист), повторен извоз со АТА карнет (бел лист) и повторен увоз со АТА карнет (жолт лист). Стоката се декларира на Општа листа која се наоѓа на задната страна од првата страница и на задната страна на секој од листовите на АТА карнетот со следните податоци:

- сериски број,
- пакување и трговски опис на стоката, обележја и броеви,
- број на парчиња,
- нето тежина или зафатнина на стоката,
- вредност на стоката (комерцијална вредност во земјата каде АТА карнетот е издаден),

- земја на потекло (доколку не е земјата на издавање и тоа се наведува со употреба на шифри на земјата ИСО Алфа-2).

(3) Потврда од царинскиот орган на подрачјето на земјата од каде што стоката првично била извезена во однос на преглед на стоката, регистрација на АТА карнетот и ставање на обележја за идентификација (истотото се запишува на предната страна на првата страница) или какви било обележја за идентификација во понатамошните фази на патувањето се запишуваат на задната страна на првата страница и на задната страна на секој од листовите на АТА карнетот.

(4) Листовите за секое движење на стоката со АТА карнет се состојат од контролен лист кој останува во АТА карнетот и од деллив лист кој што служи како соодветен царински документ (декларација) и го задржува царинскиот орган.

(5) Листовите 1 и 2 (сини листови) од АТА карнетот за транзит се употребуваат за транзитна постапка низ секоја земја потписник на АТА Конвенцијата или Конвенцијата за привремен увоз, позната и како Истанбулска Конвенција. Транзитната постапка со АТА карнет започнува во појдовниот царински орган (влез), а завршува во одредишниот царински орган (излез). Транзитната постапка со АТА карнет се контролира на ист начин како националната транзитна постапка.

(6) За транзитните операции со АТА карнет, рубриките од А до Ѓ од транзитниот лист ги содржат следните податоци кои ги обезбедува имателот на АТА карнет или неговиот/нејзиниот претставник или главниот обврзник:

Рубрика А – имател на АТА карнет и негова адреса (исто како на предната страна од првата страница);

Рубрика В – претставник на имателот на АТА карнетот (исто како на предната страна од првата страница);

Рубрика C – планирана употреба на стоката (исто како на предната страна од првата страница);

Рубрика D – транспортни средства кои се употребуваат за транспорт на стоката (регистарски број, итн.);

Рубрика E – информации за пакувањето (количина, вид, обележја итн.);

Рубрика F – декларација на главниот обврзник и изјава за транзитната постапка:

а) прв дел: име и адреса на примачот

втор дел: број на видови на стока декларирани во транзитна постапка (од листата на стоката на задниот дел од овие транзитни листи),

б) изјава на главниот обврзник за неговите обврски (следење на законодавството, ставање на стоката на увид кај одредишниот царински орган во првобитна состојба во предвидениот рок и со почитување на мерките прифатени од страна на царинскиот орган за идентификација)

в) изјава на главниот обврзник дека податоците наведени во транзитниот лист се веродостојни и целосни.

На крај се запишува место и датум на поднесување на транзитната декларација (АТА карнет), име и потпис на главниот обврзник.

(7) Појдовниот царински орган:

- **ја заверува** информацијата во рубриките од А до G во двата транзитни листа;
- **го пополнува** горниот дел од контролниот транзитен лист (рубриките од 1 до 7 кои ги пополнува појдовниот царински орган):
  - * подрубрика 1, прв дел = број на видови стока ставени во транзитна постапка кај појдовниот царински орган
  - * подрубрика 1, втор дел = име и број на одредишниот царински орган,
  - * подрубрика 2 = датумот на испорака до одредишниот царински орган, не смее да биде подоцна од датумот кога престанува да важи карнетот (рубрика G подрубрика c) на првата страница и на секој од листовите во АТА карнетот),
  - * подрубрика 3 = име и број на појдовниот царински орган,
  - * подрубрика 4 = име и број на појдовниот царински орган,
  - * подрубрика 5 = место каде што стоката била ставена во транзитна постапка,
  - * подрубрика 6 = датум на ставање на стоката во транзитна постапка со АТА карнет,
  - * подрубрика 7 = своерачен потпис и факсимил на одговорниот царински службеник во појдовниот царински орган;
- **го пополнува во два примерока** (во двата транзитни листа од АТА карнетот) горниот дел на рубрика H на транзитниот лист (подрубриките од a) до e) за појдовниот царински орган):
  - * подрубрика a) = име и број на појдовниот царински орган кој ја ставил стоката во транзитна постапка,
  - * подрубрика b) = датум на испорака до одредишниот царински орган, не смее да биде подоцна од датумот на престанување на важење на карнетот (рубрика G подрубрика c) на првата страница и на секој од листовите на АТА карнетот)
  - * подрубрика c) = број под кој транзитната декларација е заведена во појдовниот царински орган,
  - * подрубрика d) = употребени/ставени царински пломби,
  - * подрубрика e) = име и број на царинскиот орган каде што вториот лист на транзитниот лист на АТА карнетот мора да се врати на одредишниот царински орган (име и број на појдовниот царински орган),
  - * име и број на појдовниот царински орган, датум на ставање на стоката во транзитна постапка со АТА карнет и своерачен потпис и факсимил на одговорниот царински службеник;

_ **го задржува и го става** првиот лист од транзитниот лист на АТА карнетот во документацијата на појдовниот царински орган;

- **го враќа** АТА карнетот на главниот обврзник/имател на АТА карнет.

(8) **Одредишниот царински орган:**

- **ја заверува** информацијата во рубриките од А до G во вториот лист од двата транзитни листа;

- **го пополнува** долниот дел од контролниот транзитен лист (рубриките од 1 до 6 кои ги пополнува одредишниот царински орган):
  * подрубрика 1 = видови стока од Општата листа (ставени во транзитна постапка кај појдовниот царински орган) ставена на увид кај одредишниот царински орган
  * подрубрика 2 = забелешки (на пр. видови на стока кои не биле ставени на увид),
  * подрубрика 3 = име и број на одредишниот царински орган,
  * подрубрика 4 = место каде што стоката била ставена на увид за завршување на транзитната постапка,
  * подрубрика 5 = датум на ставање на стоката на увид за завршување на транзитната постапка,
  * подрубрика 6 = своерачен потпис и факсимил на одговорниот царински службеник во одредишниот царински орган;

- **го пополнува** долниот дел на рубрика H од транзитниот лист (подрубрики f) и g) кои ги пополнува одредишниот царински орган).

(9) По приемот на вториот лист од транзитниот лист на АТА карнетот, појдовниот царински орган ги споредува вториот лист од транзитниот лист на АТА карнетот со првиот лист од транзитниот лист на АТА карнетот, и на тој начин овозможува транзитната постапка со АТА карнет да се раздолжи. Комплет од двата транзитни листа се употребува за секој дополнителен појдовен или одредишен царински орган.

(10) По приемот на вториот лист од транзитниот лист на АТА карнетот, појдовниот царински орган го споредува вториот лист од транзитниот лист на АТА карнетот со првиот лист од транзитниот лист на АТА карнетот, и на тој начин овозможува раздолжување на транзитната постапка со АТА карнет. Двата транзитни листа се употребуваат за секој дополнителен појдовен/одредишен царински орган.

*Чл. 9 (2) Прилог А од Истанбулската конвенција*

(11) Национално здружение гарант за АТА карнети (Стопанска комора на Македонија) има **рок од шест месеци од датумот на известување од страна на царинскиот орган за износите од член 8 став 1 од Прилог А од Истанбулската конвенција во кое се наведува доказот за повторниот извоз или за завршувањето на транзитната постапка или кое било друго правилно раздолжување на АТА карнетот.**

(12) Царинскиот орган има рок од три месеци од приемот на доказот да го извести здружението гарант (Стопанската комора на Македонија) дали го прифаќа доказот за повторен извоз на стоката или кое било друго правилно раздолжување на АТА карнетот.

(13) **Максималниот износ** (член 8 став 2 од Прилог А од Истанбулската Конвенција) што треба да го обезбеди здружението гарант е износот на увозните давачки и даноци зголемен за најмногу 10 проценти. Поимот „увозни давачки и даноци" е дефиниран во член 1 став б) од Истанбулската Конвенција. Поимот „друг износ што се наплаќа", како што е наведено во член 8, став 1 од Прилог А од Истанбулската Конвенција, опфаќа парични казни и камата за задоцнето плаќање на увозните давачки. Износот од најмногу 10 проценти од износот на увозните давачки и даноци ги покрива овие парични казни и камата за задоцнето плаќање на увозните давачки, утврдени од Царината.

## П-1-7-3 Транзитна постапка со образец 302 (НАТО)

Транзитна постапка со образец 302 (НАТО) во Република Македонија, треба да започне со примена од 01.07.2007 год.

(1) Правилата кои се однесуваат на увоз, извоз и транзит на стока за силите на НАТО се содржани во Договорот помеѓу членките на Северно-Атлантската Алијанса (во понатамошниот текст „**НАТО**") кој го регулира статусот на нивните сили, потпишан на 19 јуни, 1957 год. во Лондон и во рамковниот документ за Партнерство за мир (во понатамошниот текст „**ПЗМ**") од јануари, 1994 година. ПЗМ е програма за практична билатерална соработка помеѓу секоја од земјите членки на НАТО.

(2) На крајот на 2006 година, НАТО има 26 членки: Белгија, Данска, Германија, Грција, Шпанија, Франција, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија, Обединето Кралство, Канада, република Чешка, Унгарија, Ирска, Норвешка, Полска, Турција, Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка, Словенија и Соединетите Американски Држави.

(3) На крајот на 2006 год., во ПЗМ се вклучени 20 земји: Албанија, Арменија, Австрија, Азербејџан, Белорусија, Хрватска, Финска, Грузија, Ирска, Казахстан, република Киргистан, Молдавија, Русија, Шведска, Швајцарија, Таџикистан, Поранешна Југословенска Република Македонија, Туркменистан, Украина, Узбекистан.

**Опис на постапката**

(4) Царинскиот орган во секоја од гореспоменатите земји, во договор со единицата на НАТО на нејзиното подрачје, назначува царински орган *(првиот појдовен царински орган = централен орган)* одговорен за царинските формалности и контрола врз транспортот на стоката кој се врши од страна на или во име на НАТО.

(5) При испраќање на пратката, надлежниот орган на НАТО го пополнува образецот 302 и става потпис и датум на изјавата со која потврдува дека стоката се транспортира под негова контрола.

**а) Постапки на почетокот на транспортот со образецот 302**

(4) Копиите од образецот 302 без одложување се даваат на првиот царински орган одговорен за единицата на НАТО која ја испраќа стоката или во чие име се испраќа стоката. Првиот појдовен царински орган ги следи постапките и регистрацијата на оваа декларација. Овие копии се регистрираат, заверени и потпишани од страна на овој прв појдовен царински орган на предната страна од образецот 302. Овој царински орган задржува една копија во својата евиденција. Другите копии се враќаат на единицата на НАТО или на лицето кое врши дејност во име на единицата на НАТО.

(5) Копиите од образецот 302 се даваат на одредишниот царински орган при излез од појдовната земја. Одредишниот царински орган ги следи постапките и регистрацијата на завршувањето на транзитната постапка со оваа декларација, заверени и потпишани од страна на овој одредишен царински орган на задната страна од образецот 302 – првата линија (за излез) во рубриката „Пополнува царинскиот орган“. Овој одредишен царински орган задржува една копија од образецот 302 во својата евиденција. Фотокопија од копијата која ја задржува одредишниот царински орган се испраќа до првиот појдовен царински орган за раздолжување на транзитната постапка. Другите копии се враќаат на единицата на НАТО или на лицето кое врши дејност во име на единицата на НАТО.

**б) Постапки со образец 302 во земја на транзит**

(6) Копиите од образецот 302 се даваат на појдовниот царински орган при влез во земјата. Појдовниот царински орган ги следи постапките и регистрацијата на оваа декларација. Појдовниот царински орган ги заверува и ги потпишува овие копии на задната страна од образецот 302 – втората линија (за влез) во рубриката „Пополнува царинскиот орган“. Појдовниот царински орган задржува една копија во својата евиденција. Другите копии се враќаат на единицата на НАТО или на лицето кое врши дејност во има на единицата на НАТО.

(7) Копиите од образецот 302 се даваат на одредишниот царински орган при излез од појдовната земја. Одредишниот царински орган ги следи постапките и регистрацијата на завршувањето на транзитната постапка, заверени и потпишани од страна на одредишниот царински орган на задната страна од образецот 302 – прва линија (за излез) во рубриката „Пополнува царинскиот орган“. Одредишниот царински орган задржува една копија од образецот 302 во својата евиденција. Фотокопија од копијата што ја задржал, одредишниот царински орган испраќа до појдовниот царински орган за раздолжување на транзитната постапка. Другите копии се враќаат на единицата на НАТО или на лицето кое врши дејност во име на НАТО.

**в) Постапки при завршување на транспортот со образецот 302**

(8) Копиите од образецот 302 се даваат на појдовниот царински орган при влез во земјата. Појдовниот царински орган ги следи постапките и регистрацијата на оваа декларација. Појдовниот царински орган ги заверува и потпишува овие копии на задната страна од образецот 302 – втора линија (за влез) во рубриката „Пополнува царинскиот орган“. Појдовниот царински орган задржува една копија во својата евиденција. Другите копии се враќаат на единицата на НАТО или на лицето кое врши дејност во име на НАТО.

(9) Најмалку две копии од образецот 302 се даваат на царинскиот орган надлежен за одредишната единица на НАТО *(последен одредишен царински орган = централен орган)* во одредишната земја. Последниот одредишен царински орган ги следи постапките и регистрацијата на завршувањето на транзитната постапка со оваа декларација. Овие копии се регистрираат, заверен и потпишан од страна на одредишниот царински орган на предната страна од образецот 302 – во рубриката „Потврда за прием“. Овој одредишен царински орган ја задржува првата копија од образецот 302 во својата евиденција. Задржаната фотокопија од копијата на образецот 302, одредишниот царински орган ја испраќа до појдовниот царински орган за раздолжување на транзитната постапка. Одредишниот царински орган ја испраќа втората копија од образецот 302 до првиот појдовен царински орган во појдовната земја/земја на испраќање. Другите копии од образецот 302 ја придружуваат пратката до одредишната единица на НАТО каде што надлежните органи на НАТО ги потпишуваат и ставаат печат.

(10) Две копии од образецот се даваат на царинскиот орган или централниот орган кои што се надлежни за одредишната единица на НАТО. Овој орган задржува една копија и ја враќа втората копија на соодветниот појдовен царински орган.

Примената на прирачникот П-1 за транзитна постапка кој е наменето за јавно објавување (интернет страницата на Царинската управа http://www.customs.gov.mk), ќе се применува од 01.06.2007година.

Прилози:

Прилог 1: Спецификација за сите поднесени декларации за стока во едно превозно средство
Прилог 2: Пократки ориентациони времиња за задржување на транзитна постапка и прегледна карта на магистрални и регионални патишта
Прилог 3: Заверен извештај

**ПРИЛОГ 1 - Спецификација за сите поднесени декларации за стока во едно превозно средство**

**СПЕЦИФИКАЦИЈА**

за сите поднесени декларации за стока во едно превозно средство

_____________________________________/__________

**Регистрација/држава на превозното средство**

| **Ред.б рој** | **Број и датум на декларација** | **Одредишен царински орган** | **Ставено на увид кај одредишен царински орган (број на декларација, потпис, факсимил, службен печат)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Заклучно со реден број_____.

Печат

________________/_______

Појдовен царински Орган / Царински службеник

Објаснување за пополнување на спецификацијата за сите однесени ЕЦД за стока натоварена во едно превозносредство

Спецификацијата се употребува со цел секоја одредишна царинска испостава да има увид кој дел од стоката сместена во едно превозно средство е наменет за неа, кој дел од стоката е веќе оцаринет во друга одредишна царинска испостава, и кој дел од стоката треба да продолжи за друга одредишна царинска испостава.

Спецификацијата се изготвува во два еднакви примероци, од кои првиот се задржува во појдовната царинска испостава, како прилог на ЕЦД-то наведено под реден број 1 на спецификацијата, додека вториот примерок се приклучува кон листовите со број 4 и 5 на ЕЦД-то наведено под реден број 1 на спецификацијата, и му се дава на главниот обврзник.

Рубриките **Регистрација/држава на превозното средство**; **Ред.бр**; **Број и датум на ЕЦД**; **Одредишна Ц.И.**; **Заклучно со реден број**; **Појдовна Ц.И./Царински работник** ги пополнува појдовниот царински орган, додека рубриката **Ставено на увид кај одредишна Ц.И.** ја пополнува одредишниот царински орган.

Во првата одредишна царинска испостава, по завршувањето на постапката со стоката наменета за неа, се пополнува рубриката **Ставено на увид кај одредишна Ц.И.**, се задржува копија од спецификацијата, додека оргиналната спецификација се приклучува кон ЕЦД-то наменето за првиот нареден одредишен царински орган. Постапката се повторува се до последниот одредишен царински орган, кој што ја задржува оргиналната спецификација како прилог кон последното ЕЦД од спецификацијата.

**ПРИЛОГ 3 - Пократи ориентациони времиња за задржување на транзитна постапка и прегледна карта на магистрални и регионални патишта**

| Пократки ориентациони времиња за задржување на транзитна постапка | СКОПЈЕ 1010 | ТЕРМ. УВОЗ СК | ТЕРМ. ИЗВОЗ | КОНС. И САЕМ | ЖС ТРУБАРЕВО | АЕРОДРОМ СК | МИЛАДИНОВЦИ | БЛАЦЕ 1071 | ТЕТОВО 1080 | КУМАНОВО 2010 | ТАБАНОВЦЕ 2031 | Д.БАИР 2050 / 2051 | ШТИП 3010 | ДЕЛЧЕВО 3030 / | ВЕЛЕС 3050 | БОГОРОДИЦА | ЖС ГЕВГЕЛИЈА | ДОЈРАН 4031 | КАВАДАРЦИ 4040, | СТРУМИЦА 4050 | НОВО СЕЛО 4061 | БИТОЛА 5010 | МЕЦИТЛИЈА 5021 | ПРИЛЕП 5030 | ОХРИД 5040 | АЕРОДОРМ ОХР. | СТРУГА 5060 | ЌАФАСАН 5071 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ 1010 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ТЕРМ. УВОЗ СК 1013 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ТЕРМ. ИЗВОЗ СК 1015 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| КОНС. И САЕМ СК 1017 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ЖС ТРУБАРЕВО 1030 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| АЕРОДРОМ СК 1050 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| МИЛАДИНОВЦИ 1060 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 2 | 3 | 1 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 7 | 7 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 7 | 8 |
| БЛАЦЕ 1071 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 3 | 3 | 3 | 5 | 5 | 8 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 7 | 7 | 8 |
| ТЕТОВО 1080 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | | 4 | 4 | 6 | 5 | 8 | 4 | 8 | 8 | 8 | 6 | 7 | 8 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| КУМАНОВО 2010 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | 4 | | 1 | 3 | 3 | 6 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 | 6 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| ТАБАНОВЦЕ 2031 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 4 | 1 | | 4 | 3 | 6 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 6 | 7 | 7 | 8 | 6 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| Д.БАИР 2050 / 2051 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 3 | 4 | | 4 | 7 | 5 | 8 | 8 | 8 | 7 | 7 | 7 | 9 | 1 | 8 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ШТИП 3010 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | | 4 | 2 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | 6 | 6 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| ДЕЛЧЕВО 3030 / 3031 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 8 | 6 | 6 | 7 | 4 | | 5 | 6 | 6 | 6 | 6 | 4 | 5 | 9 | 9 | 8 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ВЕЛЕС 3050 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 5 | 2 | 5 | | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 6 | 5 | 5 | 4 | 6 | 6 | 7 | 7 |
| БОГОРОДИЦА 4010 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 4 | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 | 6 | 8 | 8 | 9 | 9 |
| ЖС ГЕВГЕЛИЈА 4020 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 4 | 1 | | 2 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 | 6 | 8 | 8 | 9 | 9 |
| ДОЈРАН 4031 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 5 | 2 | 2 | | 4 | 2 | 3 | 7 | 7 | 6 | 9 | 9 | 9 | 1 |
| КАВАДАРЦИ 4040, 4045 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 6 | 5 | 5 | 7 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 4 | | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 6 | 6 | 6 | 7 |
| СТРУМИЦА 4050 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 5 | 6 | 7 | 3 | 4 | 5 | 3 | 3 | 2 | 5 | | 2 | 7 | 7 | 6 | 9 | 9 | 9 | 1 |
| НОВО СЕЛО 4061 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 7 | 4 | 5 | 6 | 3 | 3 | 3 | 5 | 2 | | 8 | 8 | 7 | 9 | 9 | 1 | 1 |
| БИТОЛА 5010 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 9 | 6 | 9 | 5 | 7 | 7 | 7 | 4 | 7 | 8 | | 1 | 2 | 3 | 3 | 4 | 4 |
| МЕЦИТЛИЈА 5021 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 8 | 10 | 6 | 9 | 5 | 7 | 7 | 7 | 4 | 7 | 8 | 1 | | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 |
| ПРИЛЕП 5030 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 6 | 8 | 5 | 8 | 4 | 6 | 6 | 6 | 3 | 6 | 7 | 2 | 3 | | 4 | 4 | 5 | 5 |
| ОХРИД 5040 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 10 | 6 | 8 | 8 | 9 | 6 | 9 | 9 | 3 | 3 | 4 | | 1 | 1 | 2 |
| АЕРОДОРМ ОХР. 5042 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 10 | 6 | 8 | 8 | 9 | 6 | 9 | 9 | 3 | 3 | 4 | 1 | | 1 | 1 |
| СТРУГА 5060 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 11 | 7 | 9 | 9 | 9 | 6 | 9 | 10 | 4 | 4 | 5 | 1 | 1 | | 1 |
| ЌАФАСАН 5071 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 8 | 6 | 9 | 9 | 10 | 9 | 11 | 7 | 9 | 9 | 10 | 7 | 1 | 10 | 4 | 4 | 5 | 2 | 1 | 1 | |



ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА
СКОПЈЕ
Р МАКЕДОНИЈА
ПАТНА МРЕЖА
ПРЕГЛЕДНА КАРТА НА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА
С Р Б И Ј А
А Л Б А Н И Ј А
Б У Г А Р И Ј А
Г Р Ц И Ј А
Скопје
Куманово
Тетово
Гостивар
Кичево
М.Брод
Крушево
Прилеп
Д.Хисар
Битола
Ресен
Охрид
Струга
Дебар
Велес
Кратово
К.Паланка
Пробиштип
Св.Николе
Штип
Кочани
М.Каменица
Делчево
Виница
Пехчево
Берово
Радовиш
Струмица
Валандово
Неготино
Д.Капија
Кавадарци
Гевгелија
Богданци
Стар Дојран
Охридско езеро
Преспанско езеро
ЛЕГЕНДА:
КОМПЛЕТЕН АВТОПАТ
АВТОПАТ СО ЕДЕН КОЛОВОЗ ИЛИ НЕГОВ ДЕЛ, БЕЗ ЛЕНТА ЗА ЗАСТАНУВАЊЕ
АВТОПАТ КОЈ Е ПЛАНИРАН ЗА ГРАДБА ИЛИ Е ВО ГРАДБА
МАГИСТРАЛЕН ПАТ СО ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ ПОМАЛА ОД 7 м.
РЕГИОНАЛЕН ПАТ СО ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ 5,5 м. ИЛИ ПОВЕЌЕ
РЕГИОНАЛЕН ПАТ КОЈ НЕ Е ПРОБИЕН
РЕГИОНАЛЕН ПАТ СО ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ 4,5 - 5,5 м.
РЕГИОНАЛЕН ПАТ СО ШИРОЧИНА ПОМАЛА ОД 4,5 м.
РЕГИОНАЛЕН ПАТ КОЈ НЕ Е ПРОБИЕН
РЕГИОНАЛЕН ПАТ СО ЗЕМЈАН ИЛИ ТАМПОНИРАН КОЛОВОЗ
Комп. обработка : З. МАНЕВ
Февруари 2007

## ПРИЛОГ 3 - Заверен извештај

ЗАВЕРЕН ИЗВЕШТАЈ
Во согласност со член 25 од ТИР Конвенцијата
(види исто така точки од 13 до 17 од Правилата за употреба на ТИР Карнет)

| | |
|---|---|
| 1. Појдовен царински орган | 2. **TIR CARNET** **No.** |
| | 3. Назив на меѓународната организација |
| 4. Регистарски број(еви) на патното(ите) возило(а)<br>Идентификациски број(а) на контејнерот(ите) | 5. Имател на карнет |
| 6. Царинска(и) пломба(и) е/се неоштетена ☐ оштетена ☐ | 8. Забелешки |
| 7. Товарниот дел или контејнерот е неоштетен ☐ оштетен ☐ | |

9. ☐ Не е утврден кусок ☐ Стоката од точките 10 – 13 недостасува или (M) е уништена (D) како што е наведено во рубрика 12

| 10. (а) Товарниот дел или контејнерот (б) Забелешки и броеви на пакувања и или видови стока | 11. Број и вид на пакувања или видови; опис на стоката | 12. M или D | 13. Забелешки (Детали за стоката што недостасува или е уништена) |
|---|---|---|---|
| | | | |

14. Датум, место и околности на незгодата

15. Преземени мерки заради продолжување на ТИР операцијата

☐ Ставање нови пломби: број ____________ опис ____________

☐ Пренесување на товар (види подолу точка 16)

☐ други

16. Доколку стоката била пренесена: опис на заменетите патното(ите) возило(а)/контејнер(а)

| | Регистарски број | Одобрено Да | Одобрено Не | Број на уверение за одобрение | Број и детали на ставените пломби |
|---|---|---|---|---|---|
| (а) возило | ________ | ☐ | ☐ | ________ | ____ / ________ |
| | ________ | ☐ | ☐ | ________ | ____ / ________ |
| | Идентификациски број | | | | |
| (б) контејнер | ________ | ☐ | ☐ | ________ | ____ / ________ |
| | ________ | ☐ | ☐ | ________ | ____ / ________ |

| | |
|---|---|
| 17. Органот кој го пополнил овој извештај<br><br>Место/Датум/Печат Потпис | 18. Потврда од страна на наредниот царински орган кој се наоѓа на рутата на превозот со ТИР<br><br>Потпис |